# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

УЧЕБНА 2023/24 И 2024/25 ГОД.

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Наставни планови и програми**

***Во рамки на воспитно-образовната работа на училиштето, главна дејност е наставата. Носители се наставниците, консументи се учениците, а како надворешни соработници се родителите, локалната самоуправа со опкружувањето.***

***Наставните планови со наставните програми се основна градба во одвивањето на наставата. Важни се повеќе аспекти кои се однесуваат на програмирањето и реализирањето на наставата. Затоа треба да се анализира, набљудува и воедно одговори на следните прашања.***

***Оддели во рамките на подрачјето:***

***1.1 Организација и реализација на наставните планови и програми***

***1.2 Квалитет на наставните планови и програми***

***1.3 Вон-наставни(проектни) активности и промоција на училиштето***

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани): Кои методи се користени. Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишни програми за работа на Гимназијата** | Во рамки на годишната програма на работа на Гимназијата, планирани се сите активности на воспитно-образовната дејност за сите чинители што ги извршуваат учениците, вработените, родителите и др. надворешни соработници.Наставниците редовно се информираат за сите фази на реализација на задачите зацртани воГодишната програма за работа на училиштето.<br>Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик, со кирилично писмо, според веќе востановениот план на гимназиско реформирано образование. Наставниот план реализиран во четири години се потпира врз можности за избор на наставните програми за учениците, стручност и автономност на наставничкиот кадар;индивидуализација и диференцијација во процесот на оценување и напредување на учениците; демократичност во меѓучовечките односи; како и интердисциплинарност и проодност во понатамошно образованиеПрисуство на информатичката опрема во редовната настава, како и во истражувачката работа која се провлекува низ реализацијата на проектните активности, создава генерации на ученици кај кои се развива критично мислење и еден сестрано образовенприод на се што ги опкружува.<br>Наставата во Гимназијата се одвива во две смени (I-III), (II-IV година), кои се менуваат на секои две седмици според Календарот за организација за работа во тековната година. Изготвен е распоред на часови со што максимално е оптимизирана оптовареноста на учениците и максимално е искористен училишниот простор.<br>Гимназијата нуди солидни услови за одвивање на наставата и воннаставните активности.Освен редовната настава, се организира и изведува дополнителна и додатна настава, консултативна настава, работа во билингвалните и српски паралелки. Сите ученици добиваат бесплатни учебници (со исклучок на учебниците што се' уште ги нема) соодветни на наставните програми што ги изучуваат во текот на учебната година<br><br>За сите видови настава има однапред подготвени програми со оперативни задолженија по теми или месеци. Се работи по наставни програми доставени од МОН и БРО, кои доследно се реализираат, |

| | |
|---|---|
| **Задолжителна и изборна настава-наставни програми** | согласно со нормативот на наставен кадар, фондот на часови и подрачјето и годината на изучување.Според концептот на гимназиското образование, во прва година има само задолжителни предмети, во втора година се појавува еден изборен предмет, во трета и четврта година се намалува бројот на задолжителни предмети за сметка на изборните предмети, зависно од подрачјето и пакетот, како и дали е трета или четврта година.Во СОУ Гимназија ,,Гоце Делчев'' на учениците во трета година им се нудат сите три подрачја со по две комбинации на изборни предмети:<br>Природно-математичко подрачје – комбинација А и Б<br>Општествено-хуманистичко подрачје – комбинација А и Б<br>Јазично-уметничко подрачје – комбинација А и Б<br>На секој ученик во училиштето му се дава право на избор за подрачјето, изборниот предмет, проектната активност - само за една од двете проектни активности. |
| **Организација и реализација на воннаставна дејност** | Во училиштето се изведуваат и воннаставна воспитно образовна дејност во чии рамки се опфатени следните проектни активности од повеќе области:<br>-Класични јазици<br>-Странски јазици<br>-Мир, толерација и заштита<br>-Музичка уметност<br>-Ликовна уметност<br>-Спортски проектни активности<br>-Информатика<br>-Природни науки-физика,хемија,биологија,географија<br>-Математика<br>-Иновации и претприемништво за прва година<br>-Иновации и претприемништво за втора година<br>-Иновации и претприемништво за трета година<br>-Култура на здравото живеење<br>-Урбана култура<br>-Граѓанска култура<br>-Литературни клубови и драмски секции<br><br>Организирани активности како: Подмладок на Црвен крст, Сообраќајна култура на млади, заштита и унапредување на здравјето – предавања и трибини во соработка со разни институции и стручни лица, систематски прегледи на учениците, општествено корисна работа, зашита и унапредување на животната средина, разни еколошки акции, презентации,посета на галерии, музеи и други културно-историски знаменитости, кои се реализираат и со разни научни екскурзии, соработка со невладиниот |

| | |
|---|---|
| **Организација и реализација на воннаставна дејност** | сектор,соработка со Училишната заедница и Советот на родители. За сите наведени активности постојат планирања, задолжени наставници, време на реализација и очекувани придобивки. Учениците активно учествуваат во сите активности што ги организира училиштето.<br>Вонаставната активност исто така успешно го промовира училиштето во и надвор од државата како и меѓународната соработка преку проектите под програмата ЕРАЗМУС+ со училиштаво Србија,Хрватска,Франција,Германија,Португалија,Грција,Романија,Турција,Кипар и Мартиник.<br><br>**Тековни проекти**<br><br>“Билингвална настава” Амбасада на Франција во Р.М.<br><br>“Меѓуетничка интеграција во образование” - МЦГО и МОН кај што е потпишан меморандум за партнерство и меѓусебна соработка со партнер -училиштето Гимназијата "Сами Фрашери" од Куманово<br><br>“Проект за безбедни училишта” ОБСЕ и МВР- Куманово<br><br>”Еко - училиште” проект од МОН-Скопје<br><br>“Со почит и разбирање”- Здружение Доверба<br><br>“Неми сведоци” - Здружение Доверба<br><br>Проекти од програмата ЕРАЗМУС + , подржано од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност:<br><br>- “Одржливо инклузивно образование“ во Мартиник, Франција и Порто Португалија<br>- **“**Развој на EcoSTEAM“ во Никозија, Кипар и Истанбул, Турција |

| | |
|---|---|
| **Увид во организација и реализација на матурскиот испит** | Почнувајќи од учебната 2007/2008 година, успешно се реализира матурскиот испит,доследно почитувајќи ја програмата за организација и реализација на матурата (училишна и државна). Сите програми за реализација на матура им се достапни на учениците преку нивните ментори--предметни наставници, како и преку информациите на МОН и БРО. Сите ученици и нивните родители навремено се информираат со промени во законската регулатива за време на одржување на матурските испити од страна на класните раководители. За поуспешно совладување на матурискиот испит се организира и дополнителна настава поврзана со истиот од предметните наставници и ментори. |

| | |
|---|---|
| **Увид во планирањата на Наставничкиот кадар** | Сите наставници кои одржуваат настава и воннаставна активност во Гимназијата имаат уредно доставено годишни и тематски планирања во педагошка служба. Од посетите на часови реализирани во последните две учебни години по протокол за посета на час од директорот на училиштето, стручната служба и пом.директори константирано е дека се води уредна педагошка подготовка за наставата вклучувајќи ја и дневната подготовка за реализација на часовите. Наставниците немаат можност да ја менуваат наставната програма, но влијаат така што сугерираат и предлагаат измени во нејзиното реализирање, користејќи современи методи и техники за кои имаат можност, бидејќи на располагање имаат современи ИКТ средства, како и нагледни средства, електронски и пишани материјали и опрема во кабинети. Наставниците постојано внесуваат иновации во реализирање на часовите, со цел часовите да бидат подинамични и поинтересни за учениците. Учениците исто така немаат можност да влијаат на наставната програма,но влијаат на нејзината реализација со тоа што на часовите активно учествуваат преку интеракција ученик-наставник, ученик - ученик, преку дијалог, дебатирање, работа во групи и групни и индивидуални презентации и демонстраации. Наставниците организираат посета на часовите од колеги од ист или сроден актив за унапредување на наставата и размена на искуства. |

| | |
|---|---|
| **Увид во годишни извештаи за работа на гимназијата** | Анализа на резултатите:<br>Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје .Од извештаите на сите активи се гледа континуитет и работата со сите ученици, преку организирана дополнителна настава за послабите и додатна настава со надарени ученици.Преку анализа на успех за сите квартали се гледаат потребите на учениците, со што се прилагодува реализација на предвидената програма, со современи методи и техники.Наставниците постојано работат на сопствено усовршување преку учество на разни семинари, обуки но и проекти.<br>Треба да се истакне дека неколку наставници од нашето училиште се дел од надворешни соработници при Биро за развој на образование со цел изготвување на годишни планови и програми за новата концепција за гимназиско образование.<br>Исто така некои професори се приклучија на тимот наставници за прегледување тестови од матурски испити од Државната матура.<br><br>**АКТИВ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА**<br>Активот по македонски јазик и литература, покрај реализирање на редовната настава учествува на литературни конкурси и натпревари , литературно читање организирано од Друштво на писатели на Куманово, учество на поетски вечери и други манифестации и конкурси како и учество на Меѓународниот фестивал на прозата 2024, кој традиционално се одржува веќе трета година по ред,а во организација на НУЦК “Трајко Прокопиев”Куманово, се одржа Работилница за креативно пишување со бугарската писателка Јорданка Белева и македонскиот писател Живко Гроздановски.<br><br>**АКТИВ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ, ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК И ЛАТИНСКИ ЈАЗИК**<br>Учениците земаат учество на повеќе манифестации, конкурси и натпревари. Активот по Француски јазик постојано ја унапредува соработката со амбасадите на Франција и други франкофонски држави. Учениците посетуваат саем на Студии во франција и франкофонски земји. Наставниците по Француски јзик учествуваа на високо стручно усовршување по Француски јазик организирано од Францускиот институт од Скопје во Летниот меѓународен универзитет во Струга.<br><br>**АКТИВ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ (ФИЗИКА, ХЕМИЈА, БИОЛОГИЈА,ГЕОГРАФИЈА)**<br>Од извештаите на активите се гледа дека наставата целосно се реализира. На учениците |

| | |
|---|---|
| | покрај редовната нстава им се овозможуваат и вонnаставни активности како што е посета на Музејот "Никола Тесла" во Белград, Пиродно научниот музеј и ЗОО градина во Скопје. Учениците учествуват во ЕКО акции, трибина на тема "Сите заедно за почисто Куманово" на која учествуваа претставници од ЈП "Чистота и зеленило" - Куманово. Активот по физика реализира 4 работилници одржани од советник по физика Маре Бојчевска Савеска. Учениците учествуваат на натпреварот организиран од Сојуз на здруженија на млади истражувачи од областа на хемијата како и општински, регионални и државни натпревари по физика, хемија,биологија и географија и забележуваат видни резултати. Активите имаат постојана соработка помеќу себе и со други активи со цел корелација на програмите и усовршување на методските практики.<br><br>**АКТИВ ПО МАТЕМАТИКА И ИНФОРМАТИКА**<br>Активите по математика и информатика покрај редовната настава организираат и реализираат и проектна настава. Наставата се реализира преку развојни програми што им овозможува на учениците постојано усовршување и напредок. Кабинтетите се реновирани и опремени со што наставата стана современа и интересна што се одразува на успехот и унапредувањето на учениците. Учениците учествуваат на натпревари организирани од акредитирани здруженија и покажуваат одлични резултати. Активите се вклучени во одржување и ажурирање на веб страна на училиштето и профилите на социјалните мрежи со што учествуваат во промовирање на училиштето и навремено информирање на сите заинтересирани странки за тековните активности. Постои постојана соработка како меѓу активите по математика и информатика, така и со другите активи<br><br>**АКТИВ ПО ИСТОРИЈА, ОПШТЕСТВЕНИ И ФИЛОЗОВСКИ НАУКИ**<br>Активите посочуваат дека нема натпревари по овие предмети со што надарените ученици дополнително би се мотивирале и усовршувале. Но затоа постојано организираат дебати и есејски читања на теми поврзани со наставните содржини и конкретни датуми како што се 8- ми Септември, 11-ти Октомври, 23-ти Октомври и т.н. Активите по општествени и филозовски науки неретко организира и настава во природа.Наставниците од овој актив беа вклучени во Еко - ТИМ со цел подигање на еколошката свест во училиштето. Мултикултурализмот беше опфатен во одделни наставните теми во наставните програми по предметите од активот по општествени науки.<br><br>**АКТИВ ПО МУЗИЧКА И ЛИКОВНА УМЕТНОСТ, И СПОРТ**<br>Активот по Музичка уметност користејќи го кабинетот опремен со нови музички инструменти |

| | |
|---|---|
| | покрај реализација на редовната настава одлично го промовира училиштето со оркестарот Симфониум реализирајќи повеќе од 40 настапи на бројни манифестации, настани и натпревари во и надвор од државата.<br>Учениците од активот по ликовна уметност исто така се имаат закитено со награди и признанија од учества на манифестации и изложби со свои творби и дела, но и традиционално учество на маскенбали во целата држава.<br><br>За активностите на Активот по спорт говорат бројни медали со кои учениците се стекнуваат користејќи ги условите во реновираната и опремената спортска сала и игралиштето во училишниот двор кое се користи и за други вонnаставни активности, презентации и соработкино и за организирани забави на учениците, како што е матурската забава.<br>Нашето училиште имаше извонредна соработка со локалната самоуправа од нашиот град.<br>Учествуваше на сите турнирски натпревари и индивидуални спортови организирани по повод на прославите за нашиот град и државата.Училиштето беше прогласено за Најдобро средно училиште за 2024 год.од Општински сојуз на спортови на Куманово. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје Наставни планови и програми**

| | |
|---|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** | **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |

| Клучни јаки страни | Клучни слаби страни |
|---|---|
| 1. Во наставните планови и програми се користат современи методи на реализација, со постојана интеракција наставник -ученик.<br><br>2. Наставниците доследно ги реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО-Скопје,користејќи нагледни средства со кои се опремени кабинетите и училниците.<br><br>3. Наставниците се надоградуваат преку различни обуки и менторски работат со наставници приправници.<br><br>4. Наставните планови и програми им се достапни не само на наставниците, туку и на учениците односно родителите.<br><br>5. На родителите им се дава можност да даваат забелешки во врска за реализација на наставните пограми преку Совет на родители, а на учениците преку класните заедници.Со тоа се практикува процесот на демократско информирање во училиштето на сите нивоа.<br><br>6. Учениците кои се запишани според програмата за гимназиско образование мажат да вршат избор на наставни предмети во втора година од 5 понудени предмети избираат само еден,во трета и четврта година избираат од три изборни подрачја со по две комбинации како и можност за избор на проектните активности. Проектните активности можат да се менуваат секоја година во зависност од интересот на учениците.<br><br>7. На наставниците им се дава поддршка за осовременување на наставата и воннаставна дејност преку организирање на семинари и обуки (менаџмент за проекти, едубунту-образовен софтвер, електронски дневник, животни вештини, како и стручни обуки по наставните програми и матурскиот испит организирани од БРО – Скопје. Нашето мислење е уважено со тоа што обуките се во работни денови кога нема настава, на пример учество на | 1. Наставниот кдар не учествува во креирање на концепцијата на наставните планови и програми.<br><br>2. Наставниот карад од нашето училиште не е посетуван, ниту советуван од советници од БРО кои всушност ги креираат наставниот план и програми.<br><br>3. Недоволна соработката меѓу наставниот кадар и БРО и МОН.<br><br>4. Недоволен број на стручни семинари по повеќе предмети. Концепцијата е стара, но методите се нови и софистицирани. Потребно е да се најде нивното место во тековната настава. Конкретни специјални лиценцирани апликации за сите предмети.<br><br>5. Наставниците се оптоваруваат во повеќе сегменти: при принтање на е-дневник, тестови и контролни, подготовки (годишни, тематски и други), свидетелства и друга документација.<br><br>6. Немање стручна служба за учениците со посебни образовни потреби (дефектолог). Доколу постои стручна служба овие ученици нема да бидат ограничени при својот избор за образование.<br><br>7. Немање стручна служба (социјален работник) за ученици со специфични социјални статуси (ученици со разведени родители, ученици со родители со слаби примања, ученици со недефинирани старатели и слично), а Гимназијата брои просечно по 1000 ученици годишно.<br><br>8. Изработка на стандардизирани тестови од МОН и БРО по сите предмети (по теми, полугодишни, годишни) со кои ќе се воедначат критериумите за оценување на учениците.<br><br>9. Не постојат блокатори на интернет во училниците и учениците ги користат мобилните телефони за забава или препишување. |

| | |
|---|---|
| обука на тема: Користење на интерактивни - современи методи и техники во наставата за средно образование.<br><br>8. Наставниците имаат можности за интегративен пристап кон содржините коишто можат да се вклучат вореализација на повеќе наставни предмети, со поддршка на информатичката опрема.<br><br>9. Училиштето соработува со центар за јавно здравје, центар за борба против зависности, МВР - оддел за малолетници, црвен крст и со други невладини организации низ работилници, проекти и обуки за ученици подеднакво достапни за сите, независно од полова, етничка и верска припаднос.т<br><br>10. Учество на натпреварите, конкурсите, олимпијадите, како и на смотри, презентации, семинари, обуки реализирани од страна на наставниците и учениците, достојно го презентираат училиштето во Републиката инадвор од неа.<br><br>11. Меѓународната размена со повеќе земји која се одвива на сите полиња исто така е одлична промоција на Гимназијата.<br><br>12. Училиштето располага со кабинети за настава по скоро сите предмети и иститe се опремени со нагледни средства што дава можност за практична работа, вежби и експерименти модернизирани со компјутерска опрема и смарт табли.<br><br>13. Учениците можат да добиваат информации и преку социјални мрежи на кои училиштето има профили и преку неговата веб страна кои постојано се ажурираат со нови податоци, а преку кои училиштето истовремено се промовира.<br><br>14. За потребите на учениците со посебни потреби училиштето располага со добар пристап и лифт. | |

**Самоевалуација на училиштата:** **Подрачје Наставни планови и програми**

**Анализа на резултатите:**

***Овде е дадена подетална евалуација на ова подрачје***

## АНКЕТА СПРОВЕДЕНА МЕЃУ УЧЕНИЦИ

Заклучоци со податоци од спроведена анкета меѓу ученици (анкетата е спроведена на вкупно 89 ученици)

1. Дали учениците имаат можност да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми?




Заклучок: Учениците имаат можност делумно да влијаат на начинот на реализација на наставните планови и програми.

2. Сметате ли дека гимназиското образование нуди поголеми можности за високи постигнувања и градење на Вашата личност?




Заклучок: Голем дел од учениците сметаат дека гимназиското образование нуди поголеми можности за високи постигнувања.

3. Дали сте вклучени во воннаставните активности и сметате ли дека се тие силна поддршка на учениците за наставата и воедно постигнувањата?




Заклучок: Учениците имаат можност да се вклучат во воннаставни активности.

**АНКЕТА СПРОВЕДЕНА МЕЃУ РОДИТЕЛИТЕ**

заклучоци со податоци од спроведена анкета меѓу родителите (анкетата е спроведена на вкупно 105 родители)

1. Дали сте запознаени со наставните планови и програми за гимназиско образование?



Заклучок: Голем дел од родителите се запознаени со  наставните планови и програми.

2. Дали знаете кои се придобивките од изборните подрачја и предмети за Вашето дете?




Заклучок: Голем дел од родителите се запознаени со  придобивките  од изборните подрачја на нивното дете.

3. Дали родителот треба да има влијание при изборот на изборните предмети од страна на детето?



Заклучок: Голем дел од родителите сметаат дека не треба да влијаат при изборот на изборните предмети од страна на детет.о

4. Дали сметате дека наставните планови и програми во училиштето целосно се реализираат од страна на наставниците?




Заклучок: Голем дел од родителите сметаат дека наставните планови и програми во целост се реализирани.

5. Дали сметате дека наставните програми се преобемни за Вашето дете?




Заклучок: Голем дел од родителите сметаат дека наставните планови и програми не се преобемни.

6.Дали сметате дека наставните планови и програми во училиштето го помагаат личниот и општествениот развој на учениците?




Заклучок: Голем дел од родителите сметаат дека наставните планови и програми во училиштето го помагаат личниот и општествениот развој на учениците

**АНКЕТА СПРОВЕДЕНА МЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ**

заклучоци со податоци од спроведена анкета меѓу наставниците (анкетата е спроведена на вкупно 29 наставника)

1.Сметате ли дека наставникот може да влијае врз начинот на реализација на наставните планови и програми?




Заклучок: Голем дел од наставниците сметаат дека може да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми.

2. Дали наставникот може да дава сугестии и предлага измени во врска со реализација на наставните планови и програми?




Заклучок: Голем дел од наставниците сметаат дека може да даваат сугестии и да предлагаат измени во врска со реализација на наставните планови и програми.

3. Дали наставникот влијае врз изборот на учебникот по кој ќе се реализира програмата?




Заклучок: Голем дел од наставниците сметаат дека треба да влијаат при избор на учебници.

4. Сметате ли дека сте добро информирани за сите активности согласно Годишната програма за работа?




Заклучок: Голем дел од наставниците сметаат дека се добро информирани за сите активности согласно Годишната програма за работа.

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Наставни планови и програми**

| **Приоритетни активности во рамките на ова подрачје- Подобрување на наставните планови и програми и нивната реализација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задолжени за реализација** | **Време на реализација** | **Индикатор за анализа на успехот** |
| Координирање со БРО секој координато на актив со советник од соодветна облст | Координатори на активи | Во текот на учебните 2025/26 2026/27 | Записници и извештаи од средби |
| Формирање на тим од наставници за соработка со МОН на квартално ниво | | Во текот на учебните 2025/26 2026/27 | Извештаи од средби или дописи |
| Соработка на тимовите за Самоевалуација со тимовите за изготвување на Годишна програма при изготвување на годишна програма за секое подрачје | Наставници од тимовите за Самоевалуација и изготвување на Годишната програма | Во текот на учебните 2025/26 2026/27 | Годишна програма и Самоевалуација |
| Формирање на посебни тимови од наставници за ученици со инклузивни потреби и/или социјални | Наставници по потреби на учениците кои ќе се менуваат според потребите на учениците | Во текот на учебните 2025/26 2026/27 | Извештаи за соработка изготвени од самите наставници со договорен акционен план и цели |

| |
|---|
| **ИЗРАБОТЕНО ОД ТИМОТ -**<br>**координатор- Милена Денчевска**<br>**членови-Никица Величковски, Сања Трајковска, Габриела Тасевска и Лидија Тасевска** |
| |
| |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

Во подрачјето „постигнување на учениците“ се анализират резултатите коишто учениците од СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ ги имаат постигнато во текот на учебните 2023 /2024 и 2024 / 2025 година. При тоа се земаат предвид успехот на учениците по наставните предмети како и нивниот успех по класификациони периоди. Исто така се анализира и општиот успех на учениците во училиштето, освоените награди и признанија во тек на двете учебни години, резултатите од матурските испити, но и редовноста и изостанувањето на учениците од наставата, при тоа земајќи ги предвид изречените педагошки мерки од страна на стручната служба како и последователното советување со родителите/старателите на учениците коишто имаат потреба од дополнителна помош.

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- Постигнувања на учениците
    - По наставни предмети и по квалификациони периоди
    - Следење на учениците според нивниот успех и премин од еден во друг циклус
    - Идентификација и анализа на постигнати награди и признанија на учениците
- Задржување, осипување на учениците ( опфат, редовност и осипување на учениците )
- Повторување на учениците

| **документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| ***Евиденција од педагошко-психолошка служба (извештај од активи, табелари, извештај од државната матура)*** | Училиштето нуди добри современи услови за одвивање на наставата и вонназтвните активности искористувајќи ги технолошките поволности од типот на смарт таблите, проекторите и компјутерите во секоја училница и кабинет за да ги задоволи потребите на учениците и вработените се со цел повисоки постигнувања на воспитно-образовните резултати .<br>Наставниците при планирање и реализирање на наставните часови применуват различни методи, форми и облици на работа во наставата и максимално ја користат постоечката современа техничка опрема со цел да се олесни процесот на совладување на наставниот материјал и подобрување на успехот на учениците.<br><br>Согласно со стандардите добиени од Бирото за развој на образованието, се работи и на изедначување на критериумите за оценување и следење на постигнатите резултати.<br><br>Во овој дел направена е анализа на успехот на учениците по десет наставни предмети. Изберени се предмети кои се изучуваат во три или четири години и предмети кои се карактеризираат со послаб среден успех од просечниот успех на ниво на училиштето. Анализиран е успехот на учениците на крајот на учебната година по одредениот предмет на ниво на училиштето во последните две учебни години. Целта на анализата е да се согледа варирање на успехот на учениците по одредени предмети во две последователни учебни години и да се направи споредба меѓу успехот по различни предмети на иста група ученици.<br>Исто така направена е споредба на успехот од државната матура во последните две години. |

| | Македонски јазик | Математика | Историја | Физика | Хемија | Географија | Биологија | Англиски јазик | Француски јазик | Германски јазик | Среден успех по години |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2023 / 2024 | 4,33 | 4,18 | 4,37 | 4,36 | 4,21 | 4,57 | 4,35 | 4,52 | 4,52 | 4,16 | 4,35 |
| 2024 / 2025 | 4,46 | 4,23 | 4,5 | 4,46 | 4,38 | 4,61 | 4,46 | 4,6 | 4,48 | 4,48 | 4,46 |
| Среден успех по предмети | 4,39 | 4,2 | 4,43 | 4,41 | 4,29 | 4,59 | 4,4 | 4,56 | 4,5 | 4,32 | 4,4 |

Споредбени графикони по предмети за учебната 2023/2024 и 2024/2025 година







Историја
4,37
4,5
2023/2024
2024/2025


Физика
4,36
4,46
2023/2024
2024/2025


Хемија
4,21
4,38
2023/2024
2024/2025


Географија
4,57
4,61
2023/2024
2024/2025


Биологија
4,35
4,46
2023/2024
2024/2025


Англиски јазик
4,52
4,6
2023/2024
2024/2025






Од дадената табела како и од графиконите може да се забалежи значително подобрен успех по сите предмети на крајот на учебната 2024/2025 година споредено со претходната учебна година.Но, зголемувањето на успехот по ниту еден предмет не е екстремно. Доколку реалните знаења на учениците се блиски до нивните оценки за постигнати знаења на крајот од учебните години, тогаш може да се каже дека учениците постигнале значителен успех и се стекнале со знаења и умеења по овие наставни предмети во текот на годините.

Во следниот графикон е даден средниот успех од последните две години за секој од анализираните предмети.

ГРАФИКОНИ ЗА СПОРЕДБА НА СИТЕ 10 ПРЕДМЕТИ



Од графиконот и погорната табела се гледа дека најдобар успех е постигнат по предметот географија, но мора да се нагласи дека предметот се изучува како задолжителен само во првите две години, додека во третата спаѓа во групата на изборни предмети, а во четврта година воопшто не се изучува, Исто така важно е да се нагласи дека нема големо разидување помеѓу предметите и сите предмети бележат солиден успех со просечна оценка која се движи од 4,2 по математика до 4,59 по географија.




Од графиконот во кој е прикажан средниот успех на крајот од секоја година на анализираните предмети може да се забележи дека успехот по сите предмети е подобрен во учебната 2024/2025 година во споредба со 2024 / 2025 година.

Во табелите што следуваат е даден успехот на учениците по години и по полова структура за последните две учебни години и процентуалната застапеност на ученици со одреден успех во однос на вкупниот број на ученици, како и во однос на машки и женски ученици.

Податоците во дадените табели го прикажуваат успехот на учениците на крајот на наставната година.

| **2023/24** | | одлични | мн. добри | добри | доволни | вкупно без слаби | % | вкупно со слаби | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I година | м | 41 | 20 | 6 | 0 | 67 | 100 | 0 | 0 |
| | ж | 69 | 21 | 2 | 0 | 92 | 100 | 0 | 0 |
| | вкупно | 110 | 41 | 8 | 0 | 159 | 100 | 0 | 0 |
| II година | м | 44 | 18 | 8 | 0 | 70 | 92,11 | 6 | 7,89 |
| | ж | 70 | 20 | 2 | 0 | 92 | 100,00 | 0 | 0 |
| | вкупно | 114 | 38 | 10 | 0 | 162 | 96,43 | 6 | 3,57 |
| III година | м | 35 | 27 | 23 | 0 | 85 | 90,43 | 9 | 9,57 |
| | ж | 87 | 43 | 5 | 0 | 135 | 99,26 | 1 | 0,74 |
| | вкупно | 122 | 70 | 28 | 0 | 220 | 95,65 | 10 | 4,35 |
| IV година | м | 60 | 15 | 7 | 0 | 82 | 98,80 | 1 | 0,31 |
| | ж | 103 | 16 | 1 | 0 | 120 | 100,00 | 0 | 0,00 |
| | вкупно | 163 | 31 | 8 | 0 | 202 | 99,51 | 1 | 0,13 |
| Вкупно | | 509 | 180 | 54 | 0 | 743 | / | 17 | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во проценти | // | 66,97 | 23,68 | 7,1 | 0 | 97,76 | | 2,23 | |
| Успех на учениците според пол | | | | | | | | | |
| Машки | | 180 | 80 | 44 | 0 | 304 / | | 16 | |
| Во проценти во однос на вкупниот број на ученици со даден успех | | 35,36 | 44,44 | 81,48 | 0 | 40,91 | | 94,11 | |
| Во проценти во однос на вкупниот број на машки | | 56,25 | 25 | 13,75 | 0 | 95 | | 5 | |
| Женски | | 329 | 100 | 10 | 0 | 439 | | 1 | |
| Во проценти во однос на вкупниот број на ученици со даден успех | | 64,63 | 55,55 | 18,51 | 0 | 59,08 | | 6,25 | |
| Во проценти во однос на вкупниот број на женски | | 74,77 | 22,72 | 2,27 | 0 | 99,77 | | 0,22 | 74,77 |

| **2024/25** | | одлични | мн. добри | добри | доволни | вкупно без слаби | % | вкупно со слаби | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I година | м | 40 | 24 | 1 | 0 | 65 | 100 | 0 | 0 |
| | ж | 63 | 35 | | 0 | 98 | 100 | 0 | 0 |
| | вкупно | 103 | 59 | 1 | 0 | 163 | 100 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | II година | м | 46 | 18 | 3 | 0 | 67 | 98,53 | 0 | 0 | |
| | | | ж | 79 | 12 | 0 | 0 | 91 | 100 | 0 | 0 | |
| | | | вкупно | 125 | 30 | 3 | 0 | 158 | 99,37 | 0 | 0 | |
| | | III година | м | 45 | 18 | 11 | 0 | 74 | 98,67 | 0 | 0 | |
| | | | ж | 71 | 17 | 1 | 0 | 89 | 100 | 0 | 0 | |
| | | | вкупно | 116 | 35 | 12 | 0 | 163 | 99,39 | 0 | 0 | |
| | | IV година | м | 49 | 28 | 17 | 0 | 94 | 100 | 0 | 0 | |
| | | | ж | 115 | 18 | 2 | 0 | 135 | 100 | 0 | 0 | |
| | | | вкупно | 164 | 46 | 19 | 0 | 229 | 100 | 0 | 0 | |
| | | Вкупно | | 508 | 170 | 35 | 0 | 713 | 99,72 | 0 | 0 | |
| | | Во проценти | | 71,05 | 23,78 | 4,90 | 0 | | 99,72 | 0 | 0 | |
| | | Успех на учениците според пол | | | | | | | | | | |
| | | Машки | | 180 | 88 | 32 | 0 | 300 | 99,34 | 0 | 0 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во проценти во однос на вкупниот број на ученици со даден успех | 35,43 | 51,76 | 91,43 | 0 | 42,07 | | 0 | 0 |
| Во проценти во однос на вкупниот број на машки | 60 | 29,33 | 10,66 | 0 | 100 | | 0 | 0 |
| Женски | 320 | 82 | 3 | 0 | 413 | 100 | 0 | 0 |
| Во проценти во однос на вкупниот број на ученици со даден успех | 62,99 | 48,23 | 8,57 | 0 | 57,92 | | 0 | 0 |
| Во проценти во однос на вкупниот број на женски | 77,48 | 19,85 | 0,72 | 0 | 100 | | 0 | 0 |

Од табелите може да се забележи дека во учебната 2023/2024 година најголем број од учениците, односно 97,76 % немаат слаби оценки. Само 2,23% имаат слаба оценка и тоа од вкупно 17 ученика со слаби оценки 16 се машки, а само едно е девојче или изразено во проценти 94,11% се машки со слаби оценки.

Но, затоа пак во учебната 2024/2025 година нема ниту еден ученик во целото училиште со слаба оценка. Само 2 ученика се упатени на испит на годината и тоа еден ученик од II3 и еден ученик од III9 клас.

Што се однесува до успехот на учениците, најголем е процентот на одлични ученици во двете учебни години. Во учебната 2023/2024 година 66,97% од вкупниот број на ученици ја завршиле годината со одличен успех, а таа бројка во следната учебна година, односно 2024/2025 е уште повисока и изнесува 71,05% од вкупниот број на ученици. За разлика од тоа, процентот на ученици кои завршиле со многу добар успех во двете учебни години останува изедначен и изнесува 23,68% во 2023/2024 година и 23,78% од вкупниот број на ученици во учебната 2024/2025 година. Процентуално многу малку ученици завршуваат со добар успех или попрецизно кажано 7,1% во учебната 2023/2024 година, односно 4,9% во наредната учебна 2024/2025 година.

Најмногу одлични ученици има во IV година во двете учебни години, или бројчано 163 ученика од четврта година имаат одличен успех во учебната 2023/2024 година и 164 ученика ја завршуваат со одличен успех учебната 2024/2025 година. Една од можните причините е што учениците во четврта година не ги изучуваат предметите по кои во претходните три години статистички гледано постигнуваат слаби резултати, односно природните науки:

***Извештаи од постигнатите разултати на државна матура***

***Изработил***

математика, физика и хемија и како општообразовни предмети, туку изучуваат само изборни предмети кои се во склоп на нивниот пакет кои веројатно соодветствуваат со нивните преферирања и афинитети.

При анализа на успехот на учениците според пол, може да се забележи дека вкупниот број на машки во однос на бројот на женски во училиштето е помал и изнесува 320 во учебната 2023/2024 година, од кои 56,25% се одлични, 25% се со многу добар успех, а 13,75% се со добар успех. Во 2024/2025 година вкупниот број на машки изнесува 300 од кои одличен успех имаат 60%, околу 30% се со многу добар успех и околу 10% се со добар успех. Бројките говорат дека девојчињата постигнуваат подобар успех во однос на машките. Во учебната 2024/2025 година 71,05% од девојчињата имаат одличен, 23,78% многу добар и само 4,9% добар успех.

Во табелата што следи е даден бројот на слаби оцени на крајот на наставната година, по завршување на јунскиот поправен рок и по завршување на августовскиот поправен рок, односно бројот на ученици кои ја повторувале годината, за секоја од двете учебни години кои се предмет на анализа.

| | | **Ученици со слаби оцени на крајот од наставната година** | **Ученици со слаби оцени после јунскиот поправен рок** | **Ученици кои ја повторувале годината** |
|---|---|---|---|---|
| **2023/24 година** | машки | 16 | 8 | 0 |
| | женски | 1 | 0 | 0 |
| | вкупно | 17 | 0 | 0 |
| | процент во однос на вкупниот број на ученици | **2,23** | **0,7** | **0** |
| **2024/25 година** | машки | 0 | 0 | 0 |

| | |
|---|---|
| ***Извештаи од стручните активи***<br><br>***Записници од стручни активи***<br><br>***Изработил:*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | женски | 0 | 0 | 0 |
| | вкупно | 0 | 0 | 0 |
| | процент во однос на вкупниот број на ученици | **0** | **0** | **0** |

Од табелата може да се забележи дека сите учениците кои имаат слаби оцени на крајот на наставната година успеваат да ги поправат во августовскиот поправен рок во учебната 2023/2024 година. Но, во учебната 2024/2025 година нема ниту еден ученик со слаба оценка на крајот на наставната година. Во последните две учебни години, процентот на ученици кои ја завршиле годината е 100%.

И од оваа табела се гледа дека послаб успех постигнуваат машките ученици во однос на женските, односно поголем е бројот на машки кои имаат слаби оцени.

**Извештај за постигнат среден успех на учениците на екстерна и интерна матура од СОУ Гимназија "Гоце Делчев" – Куманово, во учебните 2023/2024 и 2024/2025 година**

По завршување на полагањата на матурските испити во однапред предвидените термини секоја година се врши сумирање на резултатите и нивна споредба со претходните години за да се утврдат тенденциите како и да се изготват понатамошни планирања на чекори за подобрување на успехот, доколку се јави потреба согласно направените анализи.

Во следната табела е даден средниот успех на ниво на училиште и успехот постигнат на државната матура од екстерниот и интерниот дел за последните две години.

**Матура 2023/2024 година резултати:**

**Екстерна матура среден успех: 3,76**

**Интерна матура среден успех: 4,60**
**Среден успех на ниво на училиште: 4,21**
**Среден успех на училиште: 4,47**

**Матура 2024 / 2025 година резултати:**
**Екстерна матура среден успех: 4,58**
**Интерна матура среден успех: 4,90**
**Среден успех на ниво на училиште: 4,74**
**Среден успех на училиште: 4,56**

Горната табела покажува дека во учебната 2024/2025 година резултатите на матурските испити, како во екстерниот така и во интерниот дел од испитот покажуваат неверојатно подобрување во однос на претходната 2023/2024 учебна година.

## Извештаи од стручните активи во учебните 2023/2024, 2024/2025 година

### Извештаи од стручни активи за учебната 2023/2024 година

- **Македонски јазик и литература**

На литературен натпревар организиран од Библиотека "Тане Георгиевски" Куманово учениците освоија прва награда во пишување на проза и 2 втори и 2 трети награди за поезија. Јована Лазаревска освои прво место на литературен конкурс, распишан за сите средни училишта во државата на тема: "За буквите..." по повод 24 Мај-Денот на сесловенските просветители и први учители на словенската писменост Кирил и Методиј.

- **Математика**

На државниот натпревар по математика на Природноматематичкиот факултет во Скопје тројца ученици освоија награди и пофалници. На Природноматематичкиот факултет се одржа ЈММО на која зеде учество една ученичка и освои сребрен медал.

- **Англиски јазик**

Во мај 2024 година се одржа финалната рунда од меѓународниот натпревар по англиски јазик ХИПО во Лидо ди Јесоло во Италија. На натпреварот Ива Пешевска освои трето место и Мила Смилевска исто така освои трето место. Вреди да се напомене дека ученичките беа единствени претставници од Македонија на натпреварот во Италија.

На државниот натпревар по германски јазик Маша Марковска освои прва награда, а Зое Николај трета награда.

| | |
|---|---|
| | Што се однесува до руски јазик Мила Цветановска ја понесе титулата Лауреат на VII Меѓународен фестивал за детско и младинско творештво "Сè започнува од детството" во Санкт Петербург, Русија. Истата ученичка освои прво песто во категорија Публицистика на XVII Меѓународен фестивал за детско литературно творештво во Санкт Петербург, Русија.<br><br>· **Француски јазик**<br><br>Во март 2024 година по повод месецот на Франкофонијата нашето училиште зеде учество на настанот Млад франкофонски парламент на тема „Имам став" (J'ai l'attitude).Настанот се одржа во Собранието на РСМ под организација и иницијатива на Собранието и одделот за Франкофонија.<br><br>· **Физика**<br><br>Целиот актив по физика, со 75 ученици распоредени во 4 групи, учествуваше на меѓународен Божиќен онлајн експериментален натпревар, организиран од страна на Универзитетот во Гетинген, Германија, ("Physics in Advent - PiA® 2023"). На натпреварот учествуваа 70 000 регистрирани ученици од повеќе држави во светот, од први до 24 декември 2023 година, на кој нашите ученици освоија 38 први места, 9 втори места и 7 трети места.<br><br>На натпреварот на средните училишта "Наноматеријали- Материјали на иднината", во организација на Технолошко – металуршкиот факултет при УКИМ Скопје и покровителство на МОН на РС Македонија, учениците Нела Ивановиќ и Симона Додевска освоија прва награда и на регионалниот и на државниот натпревар.<br><br>· **Информатика**<br><br>Од 22 до 25 април 2024 година, на Факултетот за електротехника и информациски технологии се одржа Робомак Јуниор 2024 - натпревар по роботика и вештачка интелигенција. Нашите ученици земаа учество и имаа одличен пласман во тимови со ученици ид други училишта и тоа: Андреј Величковски Заревски и Леона Цветковска во категорија Автономна мобилна роботика и Ева Димитриевска во категорија Паметна електроника за автономни возила. На Државниот натпревар во обласа на програмирање ученичката Ева Димитриевска освои втора награда и Илина Арсовска освои трета награда. На XXVIII Македонска Олимпијада по Информатика ученичката Ева Димитриевска има добиено пофалба.<br><br>Од 28 јули до 1 август ученичката Илина Арсовска зеде учество на глобален натпревар Microsoft Office Specialist World Championship во Анахајм, Лос Анџелес САД. На овој натпревар имаше преку 130 учесници од целиот свет и беше одлично искуство и мотивација за следни нови успеси.<br><br>· **Економија, менаџмент, бизнис и претприемништво** |

| | |
|---|---|
| | Во април 2024 година учениците учествуваа на националниот натпревар за најдобри ученички компании 2023/24 организирана од Junior Achirevement Macedonia со училишната компанија УК Heat huggers.<br><br>· **Музичка уметност**<br><br>Во декември 2023 година хорот при Гимназија „Гоце Делчев" музицираше на пред плато на НУЦК „Трајко Прокопиев" по повод Дедо Мраз на Мотор. Истиот месец оркестарот „Симфониум" музицираше по повод завршна конференција на EU house во Крива Паланка како и на новогодишниот завршен концерт во Занаетчиски дом.<br><br>· **Спорт и спортски активности**<br><br>Машката и женската атлетска екипа освоија седум медали на државно првенство одржано во Охрид.<br><br>**Извештаи од стручни активи за учебната 2024/2025 година**<br><br>· **Математика**<br><br>На 25 и 26.1.2025 год. на ПМФ Скопје се одржа Шестиот меморијален натпревар „Александар Блажевски Цане" на кој учествуваше една наша ученичка и успеа да се пласира во тимот што ја претставуваше Македонија на Европската женска математичка олимпијада која се одржа од 11 до 17.4.2025 во Приштина, Р Косово.<br><br>· **Англиски јазик**<br><br>Нашата Гимназија имаше успешно учество и на меѓународната олимпијада по англиски јазик ХИПО. За учество на европскиот дел од натпреварувањето се квалификцираа Каја Трајковиќ и Мила Смилевска и во Лидо ди Јесоло, Италија од 26 до 28 мај 2025 година Мила го освои високото второ место.<br><br>· **Руски јазик**<br><br>Во април 2025 Моника Митрички го освои 1 место на XVIII Меѓународен Фестивал за детско литературно творештво и Јана Илиевска освои 2 место на XVIII Меѓународен фестивал за детско литературно творештво; и 2 место на VIII Меѓународен фестивал за детско и младинско творештво, посветен на ликот на А.С. Пушкин во поезијата и авторската песна од XX-XXI век. |

| | |
|---|---|
| | · **Францускі јазик**<br><br>На 16 октомври 2024 нашето училиште во посета го прими новоназначениот Амбасадор на Франција, Н. Е. Кристоф Ле Риголер. Амбасадорот заедно со претставници од Собранието на Република Македонија оствари директна средба со наставниците по француски јазик и учениците кои се дел од билингвалните паралелки.<br><br>· **Физика**<br><br>Од 7 до 8 Април 2025 година се одржа „Астрономската школа 2025" на ПМФ Скопје, во организација на Македонското астрономско друштво. На Астрономската школа учествуваше 21 ученик од нашето училиште. Учениците слушаа предавања од професорите при Институтот по физика, учествуваа во квиз на знаење од областа на астрономијата и добија сертификати во електронска форма.<br><br>На 10 и 11 Април 2025 година се одржа натпреварот „Наноматеријали - материјали на иднината 2025" на ТМФ Скопје. На натпреварот се претставивме со 3 тимови по два члена. Од 32 тимови, од сите средни училишта во РС Македонија, освоивме второ и четврто место.<br><br>· **Информатика**<br><br>Во мај 2025 год на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје се одржа Робомак Јуниор 2025 - натпревар по роботика и вештачка интелигенција и учениците имаа одличен пласман во тимови со ученици од други училишта. На Државниот натпревар по Информатика Андреј Доневски освои трета награда.<br><br>Од 27 до 30 јули ученичката Петра Томовска зеде учество на глобален натпревар Microsoft Office Specialist World Championship во Орландо, Флорида САД. На овој натпревар имаше преку 190 учесници од целиот свет и беше одлично искуство и мотивација за следни нови успеси.<br><br>· **Спорт и спортски активности**<br><br>10.10.2024 година општинско првенство во пинг-понг. Освоени први три места во машка конкуренција и први три места во женска конкуренција.<br><br>18.11.2024 година учество во футсал-женска екипа освоено прво место на општинското првенство. |

| | |
|---|---|
| | 21.11 2024 година одржано општинско првенство во кошарка и машката екипа освои прво место.<br><br>21.11.2024 година учество на државно првенство во пинг понг одржано со машка екипа и освоен пласман до четврт финале со што се обезбедува за следната година да бидат носители на групи.<br><br>22.11.2024 година учествувано со машка и женска екипа во одбојка. Освоено прво место со женска екипа.<br><br>26.11.2024 година на општинско првенство во футсал освоено прво место со женска екипа.<br><br>03.12.2024 година учествуваше на зонско првенство во кошарка со машка екипа. Освоено прво место.<br><br>06.12.2024 година на зонско првенство освоено прво место со машката ракометна екипа.<br><br>21.02.2025 година учество на општинското првенство во баскет три на три. Освоено првото место со машката кошаркарска екипа.<br><br>10.3.2025 год учество на зонско првенство во баскет три на три. Освоено второто место со машката екипа.<br><br>9.4.2025 год учество на регионален првенство во кошарка. Освоено второто место со машка екипа.<br><br>16.4.2025 год учество на регионален првенство во одбојка. Освоено второто место со женска екипа.<br><br>16.4.2025 год учество на регионален првенство во футсал. Освоено второто место со женска екипа.<br><br>22.4.2025 год учество на државно првенство во ракомет. Освоено трето место со женска екипа.<br><br>28.4.2025 год учество на регионален првенство во фудбал. Освоено второто место со машка екипа.<br><br>19.5.2025 год учество на државно првенство во атлетика. Освоени прво место 100м – машка конкуренција, трето место 4х100м – машка конкуренција, трето место скок во височина – машка конкуренција<br><br>26.5. 2025 год улество на државно првенство во фудбал. Освоено второто место со женска екипа. |

| | |
|---|---|
| | |
| ***Воннаставни активности***<br><br>***Планови и програми за работа на слободни (воннаставни) ученички активности***<br><br>***Протокол за вреднување на учениците во постапка за избор на првенци***<br><br>***Годишни извештаи за работа на стручните Активи*** | **Воннаставни активности**<br><br>Воннаставни активности<br><br>Освен редовната настава во училиштето се организираат и реализираат воннаставни активности од воспитно -образовен карактер, со однапред планирана програма, период на реализација, наставници-ментори, кои ги следат постигнувањата на учениците. Со ваквите воннаставни активности учениците имаат можност да ги искажат своите потенцијали во различни области постигнувајќи високи резултати во истите. Во групата на овие активности спаѓаат:<br><br>-Ученички парламент<br><br>- Проектни ученички активности;<br><br>- Сообраќајна култура на младите;<br><br>- Соработка со Црвен крст;<br><br>- Заштита и унапредување на здравјето на младите;<br><br>- Заштита и унапредување на животната средина;<br><br>- Соработка со НВО;<br><br>- Ексурзии ( посети со научен карактер);<br><br>- Училишна заедница;<br><br>- Саеми (книги и наука);<br><br>- Проекти;<br><br>Меѓународни соработки и сл. |

| | |
|---|---|
| ***Изработи:*** | |
| ***Табелари од 2023/24 и 2024/25 година и годишни извештаи – во стручна служба***<br><br>***Изработи:*** | **Анализа на редовноста и бројот на изостаноци на ниво на Гимназија "Гоце Делчев" за учебните 2023/24 и 2024/25 година** |

Според дневниците и изготвените табелари за секој клас на крајот на учебните, 2023/24 и 2024/25 година состојбата со број на изостаноци по години е следна:

| учебна година | прва година | втора година | трета година | четврта година | просечно по ученик |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023/2024 | 4488 | 6686 | 10258 | 11867 | 43,81 |
| 2024/2025 | 6701 | 5621 | 7865 | 12346 | 45,50 |
| просек по години | 5594 | 6153 | 9061 | 12106 | **44,65** |

Од оваа табела може да забележиме дека во учебната 2023/24 година имало 43,81 изостанок по ученик, а во учебната 2024/25 година 45,50 по ученик односно зголемување на бројот на изостаноците. Разгледано во просек по години, најмногу изостанување има во четврта година, додека најмалку изостанување имаме во прва година во учебната 2023/24, но во 2024/25 година најмалку изостанувале учениците од втора година.

Учениците направиле вкупно 33299 изостаноци во учебната 2023/34 година и 32533 изостанувања во учебната 2024/2025 година. Просечен број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2023/24 и 2024/25 година изнесува 44,65 по ученик.


Оправдани и неоправдани изостаноци во учебната 2023/34
12000
10000
8000
6000
4000
2000
0
10872
995
9140
1118
5832
854
4199
289
IV
III
II
I
Оправдани
Неоправдани


Оправдани и неоправдани изостаноци во учебната 2024/25 година
30000
25000
20000
15000
10000
5000
0
5249
372
6374
327
7005
860
10997
1349
29625
2908
II
I
III
IV
ВКУПНО
Оправдани
Неоправдани

| | |
|---|---|
| ***Извештај од педагошки мерки*** <br><br> ***Изработи:*** | see right |







Извештај од педагошки мерки

ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Во текот на оваа учебна година изречени се следните педагошки мерки :

| Педагошки мерки | I полугодие | II полугодие | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Писмена опомена од класен раководител | 30 | 29 | 59 |
| Писмена опомена од Совет на паралелка | / | / | / |
| Писмена опомена од директор | / | / | / |
| Опомена пред отстранување од училиште | 3 | 10 | 13 |
| Отстранување од училиште | / | / | / |
| Вкупно изречени педагошки мерки | 33 | 39 | 72 |

**ПЕДАГОШКИ МЕРКИ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| *Записници од стручни активи*<br><br>*Изработи:* | **Во текот на оваа учебна година изречени се следните педагошки мерки :** |
|---|---|

| Педагошки мерки | I полугодие | II полугодие | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Писмена опомена од класен раководител | 21 | 33 | 54 |
| Писмена опомена од Совет на паралелка | / | / | / |
| Писмена опомена од директор | / | / | / |
| Опомена пред отстранување од училиште | / | 12 | 12 |
| Отстранување од училиште | / | / | / |
| Вкупно изречени педагошки мерки | 21 | 45 | 66 |

При споредба на двете табели се забележува значително намалување на педагошките педагошки мерки во учебната 2024/25 година споредено со 2023/24 година, бројки кои што за жал не соодветствуваат на зголемениот број на изостаноците во учебната 2024/25 година.

**Анализа на освоени награди и признанија на учениците за учебните 2023/24 и 2024/25 година**

Во училиштето мотивираноста на учениците за постигнување на високи резултати по сите наставни предмети е на завидно ниво, за што говорат и успесите и постугнувањата дадени во табеларниот приказ по предметите и по годините. Но, мотовираноста не останува само во рамките на училниците туку квалитетот е докажан и етаблиран на бројни натпревари, почнувајќи од училишните, потоа општинските, регионалните и секако државните и меѓународните олимпијади. Подолу се дадени некоклу впечатливи примери за учебната 2023/ 2024 година.

- Од 1 до 24.12.2023 година 75 ученици од училиштето поделени во 4 групи под менторство на наставниците по физика земаат улество на меѓународниот онлјан експериментарен натпревар организиран од Универзитетот во Гетенберг, Германија на кој има вкупнно 70 000 регистрирани натпреварувачи од многу држави и нашите уленици добиваат вкупно 38 први, 9 втори и 7 трети награди

- На меѓународната Олимпијада по англиски јазик HIPPO во Италија, Лидо дел Јесоло, како единствени претставнички од Македонија учествуваат Мила Смилевска која се закитува со трета награда и Ива Пешевска освојува второ место.
- Покрај споменатите натпревари учениците учествуваа и се стекнаа со награди и признанија на многу литературни и ликовни конкурски, на разни фестивали, приредби, дебати и слично.
- Во продолжение се дадени табеларно бројот на награди од одржани натпревари во анализираните учебни години.

| Награди и пофалници на натпревари во учебната 2023/24 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општински | | | | Регионален | | | | Државен | | | |
| I | II | III | Пофалница | I | II | III | Пофалница | I | II | III | Пофалници |
| 9 | 11 | 16 | 5 | 4 | 11 | 5 | 6 | 2 | 9 | 10 | 9 |

| Награди и пофалници на натпревари во учебната 2024/25 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општински | | | | Регионален | | | | Државен | | | |
| I | II | III | Пофалница | I | II | III | Пофалница | I | II | III | Пофалница |
| 7 | 21 | 18 | 9 | 14 | 13 | 19 | 7 | 1 | 10 | 6 | 16 |

*Табелари и Годишен извештај за средни*

**Извештај за задржување, осипување на учениците во текот на 2023/2024 и 2024/2025 год.**

<table>
<tr><td>училишта од Државен завод за статистика за 2023/2024 и 2024/2025 год.<br><br>Изработи:</td><td>Според статистичките податоци за вкупниот број на запишани ученици,бројот на придојдени и отпишани ученици,а по претходно изготвени табели, направени се графички прикази на кои може да се воочат состојбите со истражуваните категории
<table>
<tr><th></th><th>I година</th><th>II година</th><th>III година</th><th>IV година</th><th>Вкупно</th></tr>
<tr><td>2023 / 2024</td><td>7</td><td>1</td><td>2</td><td>1</td><td>11</td></tr>
<tr><td>2024 / 2025</td><td>9</td><td>4</td><td>5</td><td>0</td><td>18</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>16</td><td>5</td><td>7</td><td>1</td><td>29</td></tr>
</table>
Според добиените податоци, најмногу ученици се отпишуваат од нашето училиште во прва година, а најчеста причина за нивното заминување е иселување во други земји или пак заминување во друго училиште. Вкупниот број на отпишани ученици за изминатите две учебни години сепак воопшто не е занемарлив.</td></tr>
<tr><td>Полугодишни и годишни извештаи</td><td>Констатирано од постоечките извештаи (статистички табелари) дека секое тримесечје, полугодие и на крајот на годината се следи успехот на учениците.</td></tr>
<tr><td>Критерим за оценување на постигањата на учениците</td><td>Според Законот за Средно образование од МОН, потврден од Наставничкиот совет на СОУ Гимназија „Гоце Делчев”, на ден 27.8.2010 год. изгласан е Интегрален правилник за начинот на следење, проверување и оценување на учениците, при што наставниците се должни да го применуваат.</td></tr>
<tr><td>Правилник за истакнување, пофалување и наградување на учениците</td><td>Од Законот за средно образование и статутот на СОУ Гимназија „Гоце Делчев” Куманово донесен е Правилник за истакнување, пофалување и наградување на учениците, усвоен од страна на Училишниот одбор.</td></tr>
<tr><td>Портфолија</td><td>Портфолијата најчесто се користат како документација за следење на постигнувањата на учениците во проектните активности, кои при реализација на истите на крајот се потпишуваат од страна на наставникот-ментор и се верифицираат.</td></tr>
<tr><td>Ученички досиеја</td><td>Служат за редовно информирање на родителите за постигањата и напредокот на учениците на тримесечјето и полугодието (евидентни листови), а на крајот на учебната година (свидетелства). Исто така секој класен раководител и предметен наставник има истакнато слободен термин за консултации со родителите, за навремено информирање за успехот, постигањата и проблемите на учениците.</td></tr>
</table>

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје : Постигнувања на учениците**

| Прашалници, анкети, набљудувања... | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |

<table>
<tr>
<td>Анкета за наставници</td>
<td></td>
<td>

**Извештај од анализа на анкетата спроведена во учебната 2024/25 година**

Во учебната 2024 / 2025 година беше спроведена општа анкета помеѓу наставниците и родителите / старателите на учениците од I до IV година коишто беа поделени во тек на родителските средби. Од понудените прашања, 4 прашања се однесуваат на подрачјето „постигнувања на учениците“. Подолу е дадена подетална анализа на нивните одговори

Прашање 1:




Од анкетираните 29 наставници 75% сметаат дека имаат повратна конструктивна информација за постигнувањата на учениците, а никој не се изјаснил негативно.

Прашање 2:




</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за родители | | Од анкетираните 29 наставници 55% сметаат дека училиштето има добри механизми за справување при кршење на кодексот на однесување, но 37,9% сепак не се сложуваат дека начинот за справување со прекршување на кодексот е соодветно.<br><br>Прашање 3:<br><br><br><br><br>Анкетата покажа дека наставниците главно имаат впечаток дека учениците делумно имаат ентузијазам за учење и напредување или пак нивниот впечаток е дека немаат никаков елан за учењето.<br><br>Анкетата за родителите беше пообемна бидејќи беа анкетирани 105 родители и содржеше повеќе прашања директно поврзани со областа за постигнувањата на учениците. Подолу е дадена деталната анализа.<br><br>Прашање 1: |




Од вкупно анкетираните 105 родители сите едногкасно се сложиле дека училиштето ги промовира и истакнува достигнувањата на учениците.

Прашање 2:




Анкетата покажува дека 98% од анкетираните родители сметаат дека училиштето ги истакнува постигнувањата на учениците, а само 11% сметаат дека тоа се случува понекогаш, а нема ниту еден родител кој не се сложува дека постигнувањата не се истакнати соодветно.

Прашање 3:




Во висок процент (62%) родителите се задоволни од начинот на регулирање на изостаноците согласно правилникот на училиштето, но 22% не се задоволни, а 16% се изјасниле дека понекогаш правилно се регулираат изостанувањата.

Прашање 4:




Во најголем број (77%) од анкетираните родители се задоволни од правилникот за истакнување и наградување на улениците.

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за ученици | | Прашање 5:<br><br><br>Од анкетираните родители 75% се изјасниле дека управата и наставниците редовно го следат развојот и напредокот на нивните деца во воспитно образовниот процес, 20% сметаат дека тоа се случува понекогаш, а 5% семаат дека уоравата и наставниците не се вклучуваат во следењето на воспитно-образовниот процес.<br><br>Во анкетата беа вклучени вкупно 89 ученика од I до IV година и во однос на постигнувањата тие одговараа на следниве прашања<br><br>Прашање 1: |




Само 25,84% од анкетираните ученици се изјасниле позитивно, но 42,7% од анкетираните сметаат дека оценувањето по писмен пат не дава реални резултати споредено со усното оценување, а 31,46% сметаат дека писменото оценување е делумно пореално во однос на усното оценување.

Прашање 2:




26 од анкетираните ученици, односно 29,21% семтаат дека навремено се информирани за својот напредок во учењето, но најголем дел односно 39,32% не се сложиле дека навремено се информирани за својот напредок во учењето, додека 31,47% сметаат дека информирањето за нивниот прогес е делумно.

| | | |
|---|---|---|
| | | Прашање 3:<br><br><br>Најголем дел од учениците (56%) сметаат дека нередовноста во наставата сериозно влијае врз нивниот успех како и послабите резултати во тек на наставната година, а многу помала бројка односно (22%) се изјасниле дека отсуството или делумно или воопшто не влијае врз нитните резулати и постигања. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

| Клучни јаки страни | Слабости |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • Подобрени резултати по сите предмети во учебната 2025/26 во однос на улебната 2024/25 година<br>• Висока стапка на успех на државната матура, особено на интерниот дел<br>• Истакнати постигнувања на натпревари<br>• Ефективна соработка со родителите<br>Развиена програма за подрша од страна на астучната служба | • Нееднакви постигања по предметите<br>• Ограничена употреба на современи наставни методи и опрема<br>Недостаток на увид во стапката на упис на учениците на факултети |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

**Приоритетни активности во рамките на подрачјето Постигнувања на учениците за подобрување на состојбата во училиштето акои може да бидат вклучени во развојниот план на училиштето**

| Активност | Задолжени за реализација | Време на реализација | Финансиски средства | Индикатор за анализа на успехот |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на семинари за обука на наставници за унапредување на воспитно-образовната работа | МОН , БРО и<br>активите по предмети | Во текот на следните две години | МОН , БРО | Подобрување и унапредување на воспитно –образовниот процес на ниво на<br>училиштето |
| Обезбедување на финансиска подршка на надарените ученици | Комисија за собирање на донации од Совет на родители | Во текот на следните две учебни години | Приватни претпријатија,невладини организации и др. | Мотивација за освојување на награди |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Наградување на најдобар клас по успех и надобар клас со најмал број на изостаноци | Класни раководители Директор,педагошка служба | Во текот на следните две учебни години | Училиште кое ќе организира еднодневна посета на Музеј или друга институција во зависност од интересот на учениците | Мотивација за подобрување на успехот и намалување на бројот на изостаноци |

| **Анализа на резултатите:** ***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Постигањата на учениците се заедничка работа на учениците, наставниците заедно со стручната служба. Учениците имаат можност постојано и секојдневно да се здобиваат со знаења преку предавања, излагања, проекции, дебати од страна на професорите, а по одредени предмети и практична работа. Голем дел од нивните постигања се секако нивните континуирани домашни работи, изучувања, подготовки и анализи на изучениот материјал. Нивните постигања се следат и евидентираат континуирано од страна на професорите и стручната служба преку усни излагања, писмени вежби, писмени работи, дискусии, изработка на проекти, презентации, практични вежби, учество на натпревари на регионално,државно и меѓународно ниво, но и на други најразлични начини.<br><br>Постигањата на учениците се евидентираат и презентираат на класните совети на секој класификационен период. На крајот од секој класификационен период кл.раководители доставуваат табелари до стручната служба каде се обработуваат податоците за успехот, редовноста и поведението на учениците по класови. На класните совети, класните раководители ги презентираат овие параметри, каде се истакнуваат постигнувањата на учениците, индивидуално и на ниво на клас. На крајот на секое полугодие стручните активи прават извешај за својата работа каде што ги истакнуваат активностите во изминатиот период, учениците кои учествувале на натпревари, усовршувањата на наставниците и тековни активности.<br><br>Акцент се става и на изостаноците на учениците, која е причината и за тоа како високата бројка на оправдани и неоправдани изостаноци да се намали во иднина. Истакнување на учениците со поголем број на слаби оценки, при што се води евиденција од страна на стручната служба за советување и надминување на проблемите во учењето сè со цел постигање на подобри резултати.<br><br>Во училиштето постои голема соработка со педагошко-психолошката служба. Таа континуирано води евиденција и работи со учениците на кои им е потребна помош за следење на наставата, решавање на конфликтни ситуации и сл. Соработува со класните раководители, пред.наставници и родителите за надминување на проблемите со кои се среќаваат во воспитно-образовната работа. Исто така ги следи постигнувањата на учениците и дава голема поддршка на нивниот труд и работа.<br>Во училиштето во последните две години се реализираа повеќе проекти и воннаставни активности во кои учениците со голем интерес и ентузијазам се вклучуваат. Учениците, со поддршка од наставниците организираа неколку хуманитарни и еколошки акции, имаа можност преку Еразмус + проектот да посетат повеќе држави и да разменуваат искуства, но и повеќе пати бевме домаќини на ученици и наставници од разни земји и имавме можност да го покажеме нашето училиште, убавините на нашиот град и држава и нашата гостопримливост 100% од ученици го завршуваат образовниот процес во нашето училиште. Класните раководители во соработка со Стручната служба настојуваат бројот на учениците кои самоволно го напуштаат училиштето да се намали. |
| **Идни активности:** |

| |
|---|
| **Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>• Промовирање на постигнувањата на учениците на повиско ниво<br>• Изедначување на критериумите во оценувањето по предметите<br>• Промовирање на употреба на современи методи во наставата<br>• Промовирање на употреба на современа опрема и компјутерски платформи и алатки за осовременување на наставата, особено инкорпорирање на вештачката интелегенција во секојдневната работа со учениците<br>• Инклузивност на учениците со специфични потреби и разработка на солидна мрежа за нивната подршка<br>• Поголем увид во степенот на запишување на учениците на високообразовните институции, што подразбира и поголема соработка со сите факултети во државата<br><br>***Членови на тимот:***<br><br>***Снежана Ѓорѓевиќ***<br>***Анита Павловска***<br>***Срѓан Стојмановски*** |

**Подрачје: Учење и настава**

| | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани** |
| | Сите наставници кои одржуваат настава и воннаставни активности во нашето училиште имаат изготвено годишно и тематски планирања кои ги доставуваат во стручната служба. Во годишните планирања |

| | |
|---|---|
| ***Планирања на наставници*** | наставниците вметнуваат разни програми како што се Еко- проект од ОХО одобрено од Мулти културна интеграција и вметнување на ИКТ во наставата. Наставниците планирањата ги прават во електронска форма користејќи ги предностите на информатичката технологија а исто така ги праќаат на училишната електорнска пошта и ги приложуваат во печатена форма така да се достапни на увид во било кое време и на било кој орган кој би имал потреба од нив. |
| ***Годишни и тематски планирања*** | За организацијата и реализацијата на наставниот план и програма исто така одговорни се и стручните активи. Од увидот на нивната работа во претходните години може да се види дека постои усогласување меѓу членовите во активот при правење на планирањата (тематски и дневни), распределба на часовите, избор на учебници и стручна литература, еднакво учество во реализирање на проектните активности и сл. Исто така на редовни состаноци разменуваат искуства и информации од аспект на примена на различни методи, форми и облици на работа во наставата, со цел да се олесни процесот на совладување на наставниот материјал и подобрување на успехот на учениците.<br>Согласно со стандардите добиени од Бирото за развој на образованието, се работи и на изедначување на критериумите за оценување.<br>Освен претходно наведено се води и уредна педагошка подготовка за настава (наставниците индивидуално осмислуваат и подготвуваат дневни планирања за секој наставен час), што е констатирано од посетите на часови реализирани во претходните учебни години (протокол за посета на час е кај директорот на училиштето). Од нив може да се забележи дека наставниците користат најразлични методи и техники на часовите, јасно дефинирани цели на наставата. Дневните планирања не се унифицирани, секој наставник има изработени подготовки во зависност од специфичните потреби на наставата или според препораки од страна на советниците на БРО.<br>Во разговор со координаторите и некои од членовите на стручните активи, доставени се извештаи за нивната работа, начинот, методите, формите, оценувањето, меѓусебната соработка (наставник -ученик -родител и обратно), од кои може да се согледаат позитивните страни на истата. |
| ***Дневни планирања*** | **Актив по македонски јазик и литература**<br>Активот по македонски јазик и литература во учебната година ги оствари сите активности што беа предвидени во рамките на годишната програма за активот. Во активот по македонски јазик и литература меѓусебната комуникација е успешна, редовно се организираат состаноци на активот, каде што учество земаат сите членови и сите колеги навремено ги подготвуваат годишните,тематските и дневните планирања.<br>Се разменуваат мислења, искуства, идеи за начинот на оценување и е изготвен акционен план за оценување, консултации при одредување на наслови за писмени работи, прашања за тестови, патронатот, матура и екстерно оценување и др. |

| | |
|---|---|
| ***Размена на искуства и информации при планирања*** <br><br><br><br> ***Записници од стручни активи*** | Компјутерите во наставата се користат според потребите на наставниците и учениците.Во изведување на наставата се користат нови методи и техники-ИКТ. Секој наставник во својата програма има застапено содржини од екологијата за подигање на еколошката свест кај учениците и со мултикултурална содржина.<br>Учениците од страна на наставниците на почетокот на учебната година редовно се запознаваат со програмата, лектири, писмени, тестови и секогаш навремено се известени за следните тековни активности.<br><br>Интеракција меѓу наставниците и учениците е добра, колегите се секогаш на располагање на учениците (помагаат, советуваат, договараат, мотивираат). На часовите има одлична работна атмосфера, учениците редовно учествуваат на сите литературни локални и регионални конкурси и државни натпревари и постигнуваат добри резултати, со голема помош и поддршка од наставниците. Застапено е формативно и сумативно оценување и се запазени стандардите дадени од БРО. Редовно се одржува дополнителна и додатна настава, но заинтересираноста на учениците е слаба и тоа е нешто на кое ќе мора да се поработи во идниот период. Исто така на матуранти им се организира подготвителна настава за полагање на екстерниот испит по македонски јазик.<br><br>Наставниците веќе долго време бараат намалување на наставната програма и промена на лектири но до сега не е направена никаква промена во таа насока. Иако постои распоред за консултации со наставниците, ретко кој од родителите самоволно доаѓаат да се информира за напредокот на своето дете и тоа е уште едно нешто на кое ќе мора да се поработи со цел да се интензивираат индивидуалните средби на родителите со наставниците.<br><br>Учениците од јазично-уметничко подрачје Б покажуваат голем интерес кон предметот драмска уметност и покажуваат големи резултати со своите претстави и креативност .<br><br>**Актив по математика**<br><br>Овој актив остварува континуирана соработка со останатите активи и со управата на училиштето, заради координираност во активностите и поуспешна реализација на програмата.<br>Соработката се заснова на размена на искуства, консултации во врска со тематските планирања, распоред на темите предвидени за таа учебна година, начинот на предавања и средствата за работа, тежината на задачите и сл.<br><br>За оценување на учениците се користат тематски тестови, писмени работи, домашни задачи и активност на часовите. Се организира дополнителна и додатна настава за сите ученици кои изразуваат желба, а за матурантите се организираат часови за подготовка на матуранти и успешно полагање на завршниот испит. |

| | |
|---|---|
| | Се превземаа и активности околу организирање и спроведување на регионален натпревар во нашето училиште каде учениците постигнаа одлични резултати,награди и пофалници, учество на Македонска математичка Олимпијада, на Светскиот ден на бројот Пи, Отворен ден на нашето училиште.<br>Кабинетот по математика е опремен со модерни технички помагала и нагледни средства, што допринесува подобра наставата, перцепција и успех кај учениците.<br><br>**Актив по странски јазици**<br><br>(англиски, германски, руски, француски, италијански, шпански и латински јазик) Позитивни страни<br><br>Соработка помеѓу наставниците од активот за поуспешно изведување на наставата е повеќе од добра; Континуирано се следат резултати по предметите, особено по завршување на класификационите периоди;<br><br>Месечни (по потреба и почести) средби на наставниците со цел размена на мислења, искуства и заедничко надминување на евентуалните проблеми;<br>Стручно педагошко-дидактичко усовршување на наставниците преку учество на семинари, советувања, предавања и слично; високо стручно педагошко доусовршување на наставниците по француски јазик на Летниот универзитет во Струга.<br>Се организира додатна и дополнителна настава по потреба и интерес на учениците, средби со родителите, подготовка и реализација на вонредни, поправни и диференцијални испити, соработка со другите стручни активи, со активите од други средни училишта од градот и од градовите Скопје, Битола, Неготино (каде што се изведува билингвална настава).<br><br>Се организира посета на културни манифестации, натпревари и конкурси**,** вебинари**,** онлајн обуки за стручно усовршување**,** конференции**,** одбележување на Денот на странските јазици, Посета на Саем на студии во Франција и франкофонските земји, Учество на натпревари (организирани од страна на акредитираното Здружение на професори по француски јазик): одбележување на Денови на француската гастрономија, соработка во проекти: Еразмус+, работилници на тема ЕУ организирани од ЕСРА.<br><br>Секоја година учениците земаат учество на државниот натпревар по англиски и руски јазик и освојуваат високи награди.Учениците се вклучени и во повеќе меѓународни проекти, од кои ќе ги издвоиме: МЕР-Model European Parlament Macedonia,учество на ACES-Академија на централно европски училишта,проект за интеркултурна размена во Троген,Швајцарија.<br>Општинскиот и регионален натпревар по англиски јазик “ЕЛТАМ” , меѓународниот натпревар по англиски јазик “HIPPO”. Општински, регионални натпревари по класични јазици со наградени ученици |

| | |
|---|---|
| | Соработка со Францускиот институт од Скопје (Отворени денови, презентација на факултети, употреба на библиотека, медијатека...) по повод месецот на Франкофонијата за првпат нашето училиште зеде учество на настанот Млад франкофонски парламент на тема Имам став (J'ai l'attitude). Изразно читање на француски јазик на државно ниво, изразно пишување Dis-moi dix mots со наградени ученици. Културолошка размена на ученици и професори од Франција и разменување на искуства во работата и образованието.<br><br>Во наставните теми вклучени се теми од екологија за подигање на еколошката свест кај учениците а исто така застапени се и теми од областа на мултикултурализмот. Кај учениците постои голема заинтересираност за изучување на странските јазици.<br><br>**Актив по хемија**<br><br>Програмата секоја година целосно се реализира. Во наставната програма има застапено содржини од екологијата за подигање на еколошката свест кај учениците и мултикултурална содржина. Во зависност од наставните единици се користат различни методи, примена на ИКТ. Како експериментална наука, покрај теоретската настава се изведува и практична настава. Оценувањето е јавно, комбинирано со усмена проверка, контролни задачи, наставни ливчиња, активност на часот, презентации и сл.<br><br>Организиран и спроведен е регионален натпревар во нашето училиште, каде учениците постигнаа одлични резултати, награди и пофалници, учество на Меѓународна Хемиска Олимпијада со постигнат бронзен медал, Наука за млади истражувачи со освоени награди, организација на Отворен ден на нашето училиште со демонстрирање на бројни и визуелно интересни експерименти, посета на обуки и семинари од страна на наставниците, како и соработка во проекти Еразмус+. Интерната матура успешно се подготвува и реализира, како и одбрана на проектните задачи. Кабинетот е опремен со нови нагледни средства, реагенси, прилагоден за одвивање на квалитетна настава и изведување на експерименти .<br><br>**Актив по физика**<br><br>Наставата делумно се реализира во кабинет, кој е реновиран и солидно опремен со нагледни средства, поставена компјутерска опрема и смарт табла која е потребна за настава и употреба на ИКТ.<br><br>Проверка на знаењето се врши редовно со тестови изработени според стандардите за оценување, но и усно и есејско искажување. Се реализира билингвална програма, консултативна настава и успешно се реализираат проектните задачи, како и проектните акивности. |

| | |
|---|---|
| | Работа со талентирани ученици вклучени во разни активности: Школа за млади физичари, Меѓународна соработка со средно училиште од Ниш, учество на саем „Наук није баук“,научно- наставна екскурзија со посета на музејот на „Никола Тесла" во Белград,.<br><br>Учество на државниот натпревар со освоени награди „Наука за млади“ под покровителство на „Народна техника”, регионални и државни натпревари, со можност за учество на селекциониот натпревар за учество на Балканската олимпијада по физика и Европската олимпијада по физика, одлично претставување на меѓународниот натпревар Physics in Advent, учество на 10 Меѓународна конференција, учество на „Конкурсот за најбољи експериментални рад из физике ученика средњих школа“ и постигање врвни резултати и награда, следење на голем број на предавања и работилници од областа на физиката и се стекнување на нови искуства. Практичната работа се согледува во експериментите по физика кои привлекуваат внимание на Отворен ден на училиштето.<br><br>Еко содржините од наставната програма се практично применети со организирање на трибината на тема „ Сите заедно за почисто Куманово“, заедно со тимот за екологија, со презентација и флаери од еко-содржини. Има добра соработка меѓу наставниците од активот.<br><br>**Актив по историја**<br><br>Во наставата се применуват различни форми, методи и изготвување на акционен план за оценување на ниво на актив.<br>Успешно се реализираат и активностите поврзани со одредени проекти како што е Безбедни училишта, МТЗ проектни активности во кои особоено е за спомнување прусуството во Собранието на РСМ каде учениците дебатираат на актуелни теми кои ги засегаат младите луѓе во државата. Проектите за меѓународна ЕРАЗМУС + и друг вид на соработка на активот, одржување на континуитет на веќе почнатите проекти за соработка на активот, Билингвален проект со Р.Франција, соработка со Р.Турција, интеграција на детските права, мултиетничка интеграција во образованието, безбедност на учениците, безбедни училишта, ЕКО, МИО, ИКТ, Толкување на заедничка историја на современото време, Политиката е женски род, Механизмот на Хашкиот трибунал, МТЗ проектни активности, соработка со невладини организации ЦИД и други. На часовите по историја постои соработка на учениците на мултикултурно ниво.<br>Наставниците користат ефикасни ИКТ- техники за поттикнување на критичкото мислење кај учениците преку поставување на отворени прашања и на тој начин се однесуват на интерактивен начин, имајќи улога на медијатори.Учениците работат индивидуално, во групи и нивните активности се базирани врз различни извори на знаење кои поттикнуват учење по пат на сопствено искуство и зголемување на одговорност.<br>Дискусии, дебати, комјутерски презентации, вербални презентации, семинарски работи есеји, реферати, забавни асоцијации, тимови игри- квиз, филмови, видео записи се составен дел од наставната работа и истите со задоволство се исполнуват. |

| | |
|---|---|
| | Евалуацијата на постигнатите разултати ги инволвира и учениците во процесот на оценување и истата ја доживуват како лично постигнување. Оценувањето е испреплетено во сите фази на наставниот процес и за тоа наставниците водат прецизна евиденција. Се изведува дополнителна, додатна, подготвителна и консултативна настава, како и спроведување на сите видови испити: класни, поправни, диференцијални и матурски испити.<br><br>**Актив по информатика**<br><br>Предметот информатика е практичен и интересен за учениците, а посебно е интересно изучувањето на разни апликации и нивна примена. Од предвидената годишна програма, се реализираат сите наставните планови и програми по планирањата кои се дадени на почетокот на учебната година.<br><br>Активот соработува и се координира со колегите од другите активи и класните раководители за тековните проблеми и активности од сите предмети. Во текот на наставата се реализира додатна и дополнителна настава во зададените термини и според предвидените програми и можности, како и успешна реализација на проектната задача по Информатика, Информатичка технологија и Програмски јазици. Исто така по информатичките предмети применет е акциониот план за оценување на учениците.<br><br>Забележливо е учество на регионални, државни натпревари, натпреварот МОС, со меѓународно признати сертификати, во организација на „Е-нет“ едукација во соработка со општината Куманово, како и натпревар по роботика и вештачка интелигенција, со освоени дипломи и пофалници. Активот е вклучен во различни Еразмус+ проекти кои придонесуваат за збогатување на знаењата и вештините на учениците. При тоа се реализираат мобилности на меѓународно ниво како и работилници на локално ниво за различни теми. Од посебно значење се темите за дигитализација, екологија и инклузија. Две години по ред имаме ученици кои учествуваат на меѓународен натпревар MOS World Championship во САД.<br>Реализирани се активности за онлајн презентација за училиштето и сите негови активности, преку веб-страната и преку социјалните мрежи, Web – страната на училиштето се одржува и ажурира со тековни информации кои ни ги доставуваат колегите.<br><br>Минатата учебна година беше реновиран кабинетот по информатика инфраструктурно- нови прозорци, клима уред, бојадисување, но и нова современа компјутерска опрема, паметна табла, проектор и сл, со што наставата доби на квалитет.<br><br>**Актив од општествени науки**<br><br>Наставната програма во целост се реализира а воедно и проектните задачи успешно се реализираат. |

| | |
|---|---|
| | Наставници од овој актив се вклучени во Еко -тим за цел подигање на еколошката свест во училиштето. Мултикултурализмот беше опфатен во одделни наставните теми во наставните програми по предметите од активот по општествени науки. ИКТ наставата беше застапена по сите предмети од активот по општествени науки. Се забележува зголемен интерес на учениците за изучување на предмети од општествени науки, проектни задачи. Учество во напревар по Бизнис план на државени натпревари и освојување на награди, учество на дебати по предметот Социологија, одржани секции и видео презентации преку филм и театарски претстави, Учество на „Средношколска видео лектира“ под покровителство на Филозофско филмозофско друштво Скопје,<br>Учество на дел од активот во меѓународна обука за информатички и дигитални технологии и вештини, учество на семинар за Младински волунтаризам и активизам и корелација со други средни училишта и институции, културни установи со професори од различни струки.<br><br>**Актив по музичка и ликовна уметност**<br><br>Наставниците ги стимулираат и мотивираат учениците од ликовна и музичка уметност преку разни активности. Успешно се реализираат сите предвидени активности на наставниот процес. Посебен акцент и успех остава оркестарот кој зеде учество на дваесетина музички настани многу значајни и јубилејни настани во нашиот град и пошироко : Новогодишен Магичен Мјузикл, Концерт по повод „Св.Трифун“, Музички концерт по повод денот на жената, Концерт Музичко балетски „Спектакл“ по повод денот на ЕУ,Симфониум го отвори Првиот Интернационален Фестивал на класична современа музика „Одеци“ во чест на нашиот композитор и основоположник Трајко Прокопиев, премиерна изведба на балетот„Лабин и Дојрана“ во нашиот град и хорската композиција „Кумановка 2“,и многу други музички манифестации. Учество на регионален натпревар и државен натпревар во категорија солисти, оркестри со титулата државни прваци. Оркестарот Симфониум зеде учество и музицираше во музеј на народна борба по повод 20 години Теледом. Учество на литературна музичка вечер. Чествување на Свети Климент во занаетчиски дом.Музицирање преф плато на НУЦК Трајко Прокопиев. Симфониум исто така го одржа Љубовен мјузкл бр.2 во спој на драма и музика. Музицирање на Симфониум на свечена седница на град Куманово. Пред плато учениците од хорот и оркестарот го одбележаа 40 роденден на Бучен Козјак. Музицирање на отворен ден за град Куманово.Покрај успешната реализација на редовните училишните наставни планови и програми учениците се активни учесници и во вонучилишни активности Во текот на редовната настава и вон неа беа посетени бројни симфонии, концерти, опери и балети во Македонска Филхармонија, МОБ и во Центарот за култура Трајко Прокопиев, со што се збогати нивното искуство и знаење од областа на музиката и уметноста.<br><br>Позитивни страни :<br>Во наставата се користи ИКТ во наставата, учество во мулти-култи проекти, учество во организација на забави и изложби од Еко проект |

| | |
|---|---|
| | Освоени награди на меѓународни изложби, републички и општински конкурси за ликовни творби Посета на изложби, галерии и музеи во Куманово и РСМ. Организирање на изложби со дела на ученици создадени на час по ликовна уметност по повод Патронат и други празници во самото училиште.Заинтересираност од страна на учениците за учество во наставата и воннаставните активности Кабинетот по музичка уметност е опремен со нови нагледни средства и инструменти за музицирање.<br><br>**Активот по спорт и спортски активности**<br><br>Во Активот по спорт и спортски ативности постои успешна комуникација како во изготвување на годишни, тематски и дневни планирања така и во реализација на проектни активности и организација на натпревари и одбележување на Патрониот празник на училиштето со организирање на спортски натпревари во кошарка, одбојка, фудбал и пинг-понг.<br><br>Активот активно зема учество и на проекти кои ги организираат МВР и ОБСЕ за безбедни училишта.<br><br>Исто така активно учествува на сите организирани спортски натпревари во организација на ОСУСК Општински првенства, зонски, регионални и државни натпревари од сите спортови (фудбал,футсал,одбојка, кошарка,пинг-понг,атлетика и др.) и секогаш освојува награди од државни натпревари, како и спроведување на проектни активности и организација на предавање од планинарско друштво, организација на турнир во пинг-понг по повод 11 Октомври, велосипедска трка- 11 Октомври, турнир во баскет, одбојка и шах, како и учество во Еразмус + проекти. Училишната сала е целосно реновирана со нов под, плафон, нови конструкции на кошеви, опремена со нови топки, справи и други спортски реквизити.<br><br>**Актив по географија**<br><br>Активот по географија ги реализира активностите врз основа на претходно изготвениот и доставен годишен план во кој се предвидени истите.<br><br>Во изминатиот период активот по географија зеде учество на општински, регионални и државни натпревари и остваруваше завидни резултати.<br>Во рамките на програмата на проектните активнисти се изведуваат посети на атрактивни локалитети во нашата Република и така учениците се запознаваат со убавините на нашата земја. Во кабинетот се применува ИКТ во наставата, поставени се нови нагледни средства со што се овозможи поголема примена на истите. |

| | |
|---|---|
| | **Актив по биологија**<br><br>Наставата по биологија се изведува во опремен кабинет, се применува ИКТ во изведување на наставата и располага со доволно модели и други помагала. Постои соработка во рамките на активот и учество во истражувачки активности, различни презентации и натпревари: општински, регионални и државни натпревари на кои се постигнати бројни награди. Активот по биологија активно зема учество во активности од екологија и еко акции во тек на учебната година. Подготовка и одбрана на матурски проектни задачи успешно се реализира, како и изработка на тестови за полагање на интерниот дел од матура. |

| | |
|---|---|
| ***Наставен процес*** | Во рамки на годишниот план и програма за работа на училиштето во текот на оваа учебна година, предвидени се сите активности на воспитно-образовната работа, инволвирајќи ги субјектите во истата, како што се вработените, учениците, родителите и др.соработници (владин и невладин сектор, локалната заедница ).<br><br>Наставата во Гимназијата се изведува на македонски јазик и кирилично писмо според Законот за средно образование на Р.С.Македонија.<br><br>Покрај редовната (задолжителна) настава, која се одвива според однапред утврден распоред на часовите, се организираат и изборна, дополнителна, додатна, консултативна и билингвална настава. Проектните активности исто така се дел од наставата кои се реализираат во и вон училиштето со распоред направен во договор на наставникот и учениците.<br><br>Според календарот за организација на воспитно-образовната работа во учебната година, наставата се одвива во две смени, и тоа :<br><br>• I и III година<br><br>• II и IV година<br><br>Училиштето за разлика од претходните години нуди добри услови за одвивање на наставата и вонначствните активности сѐ со цел максимално да се искористи училишниот простор и да ги задоволи интересите и потребите на учениците и вработените. Наставата се одвива во училници, кабинети и спортска сала. |
| ***Наставни форми и методи*** | Наставниците користат разновидни наставни методи и форми. Во изборот на методите и формите тие тргнуваат од потребите на учениците, расположивите наставни средства и помагала, содржината на наставниот материјал. Дел од наставниците користат илустративно-демонстративни методи, презентации на компјутер, шеми, дијаграми, слики. Со овие методи се развиваат индивидуалните техники на учење кај учениците. |

| | |
|---|---|
| ***Употреба на ИКТ во наставата***<br><br>***Интеракција меѓу наставниците и учениците***<br><br>***Приодот на наставникот кон ученикот***<br><br>***Следење на наставниот процес*** | Дел од наставниците планираат настава во која доминираат вербални методи: усно излагање, дискусија, монолог и дијалог, читање и обработка на текст, работа во парови и групи. Со тие методи, кај учениците се развиваат комуникациските вештини, мотивацијата за тимска работа и превземање на одговорност како и поттикнување на критичко размислување.<br><br>Повеќето наставници користат знаења стекнати на обуките за усовршување и ги применуваат во наставниот процес и помагаат учениците да развијат вештини за решавање конфликти, истражување, самооценување. Сите наставници од училиштето пред две години имаа обука од страна на АКАДЕМИЈА ЦЕС за планирање на наставата и сценарио за наставен час од страна на Д-р Марјан Младеновски.<br><br>Наставниците ги користат компјутерите во реализација на наставниот процес.Со тоа наставата е покреативна и интересна за учениците. Интернетот овозможува и размена на материјали и подобра комуникација помеѓу наставник-ученик.<br><br>Наставниците на почетокот на наставната година ги запознаваат учениците со годишната програма,наставните теми,наставните цели и задачи и што е тоа што се очекува од нив. Учениците навремено се информирани за писмените работи и тестови. Наставниците прават подготовки со учениците за писмените работи и тестовите, ги запознаваат учениците со типот на прашања и начинот на писмената проверка.Се води сметка во текот на училишниот ден да нема повеќе од едно тестирање или писмена работа.<br>Покрај писмените проверки наставниците го применуваат и методот на усна проверка на учениците. Учениците се поттикнуваат и мотивираат во вклучувањето на наставниот процес со нивни презентации,усни излагања и др. видови во врска со реализацијата на методската единица, а за тоа наставниците јавно ги пофалуваат,наградуваат со повисоки оценки.<br>Наставникот го почитува мислењето на ученикот, нивните прашања и забелешки и истите ги користи за подобрување на интеракцијата со учениците.Во нашето училиште сите ученици рамноправно се вклучени во сите активности,подеднакво се третирани при испрашување и оценување без разлика на полова,етничка, социјална припадност. Учениците рамноправно учествуваат во формирањето и на Еко тим и Тим за безбедност во училиштето. На демократски начин заедно со класните раководители учениците избираат класна заедница на паралелка од кои председателите на класови учествуваат во Училишна заедница.<br>Подеднакво се мотивираат и поттикнуваат за работа во наставниот процес.<br>На часовите наставниците ги сослушуваат,разговараат и советуваат учениците за надминување на проблемите од различна природа.Во процесот на следење на наставниот процес во изведување на наставата се вклучени директорот,педагошка-психолошка служба и предметни наставници.Се следи изведувањето на наставата преку посета на часови со користење на инструменти за вреднување(записник). Наставниот процес се следи и преку постигнатите резултати од успехот и поведението разгледано на Советот на паралелка и верифицирано на Наставнички совет. |

| | |
|---|---|
| ***Искуства на учениците од учењето*** | |
| ***Средина за учење***<br><br>***Атмосфера за учење*** | Училиштето располага со многубројни современо опремени училници,кабинети опремени со современи средства за работа, целосно реновирана спортска сала, галерија во која се одржуваат разни стручни предавања,семинари,обуки на учениците и наставниците,разни презентации и др.,библиотека со голем број на книги,енциклопедии,статии,ученички трудови и други видови на изданија кои се потребни за проширувањето на знаењето на учениците .Училниците располагаат со смарт табли, уредени со изработени паноа, слики,пораки, постери со образовни содржини од страна на учениците. Во училишните холови се изложени ликовни творби на учениците и примена на витраж техника на стаклените врата по катови.Во стаклените витрини се изложени успесите на учениците и наставниците со голем број на пехари, признанија, дипломи.<br>Меѓу катовите се поставени и табли за информирање на учениците за секакви натпревари и други видови активности во и вон училиштето,истакнување на пофалените ученици во периодот на секое тримесечје, најдобар ученик на генерација, ученици кои освоиле награди на натпревари.<br><br>Учениците учествуваат во уредување на училишниот простор и дворното место со реализирање на многубројни еко- акции.За време на часовите постои добра работна атмосфера.Наставниците ги мотивираат учениците самостојно и критички да мислат,да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци од она што го учат.<br><br>Според стекнатите знаења учениците имаат можност да го искажат своето знаење со изработка на разни видови на презентации,организирање на дебати,водење на дискусии,работа во групи,учество во разни проекти организирани од МОН ,меѓународна соработка со други училишта,редовно учество на саемот во Ниш,,Наук није баук", учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.<br><br>Учениците покрај редовната настава стекнуваат знаења преку посети на разни научни институции во земјава и надвор од неа-Институт,,Никола Тесла" во Белград,Научна опсерваторија во Скопје, Природно - научен институт во Скопје, посета на многубројни изведби на опери и балети во МОБ- Скопје, посета на Опсерваторија,,Кокино", Музеј на град Куманово,посета на многубројни изложби во Куманово и Скопје,посета на Саем на книга во Скопје. |

| | |
|---|---|
| ***Поттикнување на учениците за превземање одговорност*** | Училиштето дава можност учениците секогаш да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид.<br>Секоја паралелка има формирано раководство на класна заедница. На класен час се дискутира за теми кои влијаат на развојот на позитивни ставови и однесување кај учениците. Активот на паралелката учествува во разгледувањето на успехот, редовноста и поведението на класот, го унапредува другарството и одговорноста, дава предлози во врска со наставата, педагошки мерки и пофалби.<br>Во рамките на Младинската организација на училиштето учениците се поттикнуваат да го искажуваат своето мислење во врска со проблемите и одлучувањата.<br>Учениците преземаат одговорност и во разни активности надвор од наставата, со цел да го промовираат и афирмираат училиштето. |
| ***Задоволување на потребите на учениците***<br><br>***Идентификување на образовните потреби на учениците***<br><br>***Почитување на различните потреби на учениците во наставата*** | Наставниците и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Тоа најчесто се прави според постигнатите резултати по наставните предмети, интересот и ангажманот на учениците во одредени подрачја, дискусии на класните часови. Се преземаат активности за надминување на детектираните потешкотии во задоволувањето на образовните потреби на учениците ( дополнителна, консултативна, додатна настава).<br><br>Наставниците ги исполнуваат образовните потреби на учениците според можностите за задоволување на индивидуалните потреби на учениците. Заради обемноста на наставните програми и содржини, наставниците се трудат да ги исполнат предвидените цели на наставата и да ги вклучат учениците во реализирање на наставата преку изведување експерименти, обиди, презентации, демонстрации , дебатирање, давање на критичко мислење. |
| ***<u>Оценување како дел од наставата</u>***<br><br>***Училишна политика за оценување*** | Според Законот за средно образование од МОН, потврден од Наставничкиот совет на СОУ Гимназија „Гоце Делчев”, на ден 27.08.2010 год. изгласан е Интегрален правилник за начинот на следење, проверување и оценување на учениците според Блумовата таксономија,којштo наставниците се должни да го применуваат.Наставниците транспарентно и навремено ги запознаваат учениците и родителите со начинот и критериумите на оценувањето.<br><br>Наставниците користат разни методи за оценување преку изготвување на тестови според стандардите од МОН,усни проверки,изработка на презентации-Power Point и др. видови на презентирања, истражувања, експериментирања, креативно мислење.<br><br>Наставниците водат уредна евиденција за следењето на ученикот во наставата(портфолио за ученик),постигнатите резултати и сумативната оценка .Во формирањето на оценката се зема и |

| | |
|---|---|
| ***Методи и форми на оценување на учениците*** <br><br> ***Користење на информации од оценувањето во наставата*** | самооценување на ученикот како значаен елемент во формирањето на конечната оценка.Оценките се запишуваат во е-дневник, а класните раководители ги запишуваат во евидентните листови. <br>Овие евидентни листови служат за редовно информирање на родителите за постигањата и напредокот на учениците на тримесечјето и поугодието ,а на крајот на учебната година се даваат свидетелства. Исто така секој класен раководител и предметен наставник има истакнато слободен термин за консултации со родителите, за навремено информирање за успехот, постигањата и проблемите на учениците, а со работа на е-дневник родителите имаат достапни информации во секое време да се информираат за својот ученик.На крајот на полугодие и крајот на учебната година секој наставник табеларно го прикажува својот успех и истиот еклектронски го доставува до стручната служба.На наставнички совет на секое тримесечје се разгледува и верифицира постигнатиот успех. <br>Оценувањето е јавно,транспарентно и објективно. Наставниците континуирано ги информираат учениците за нивните постигнувања, ги насочуваат и помагаат во преземањето активности за подобрување на успехот на учениците. |
| ***Известување за напредокот на учениците*** | Учениците се информирани постојано и редовно за нивните резултатипреку предметните професори а особено после тромесечјата. |

<table>
<tr>
<td>Методи кои се користени за собирање на податоци</td>
<td>Кој беше вклучен во собирање на овие информации<br>Елена Маневска-Станојковска<br>Александра Маневска</td>
<td>
Кои информации се собрани

Анкета за наставници

1. Сметате ли дека наставниците им даваат конструктивна информација на учениците за нивните постигања?




Заклучок: Во училиштето според анкетата постои целосна соработка меѓу наставниците и учениците.

Анкета за ученици
1, Дали постои взаемно почитување меѓу наставникот и ученикот?




Заклучок: Според анкетата односите за взаемно почитување меѓу наставникот и ученикот се на солидно ниво.

2. Дали во училиштето постои дискриминација по пол, социјален статус или националност?
</td>
</tr>
</table>




**Заклучок: Во најголем дел не постои дискриминација по ниту еден основ.**

**3. Дали наставниците користат современи методи во наставата?**




**Заклучок: Поголем број испитаници сметаат дека наставниците користат современи методи во наставата.**

| | | |
|---|---|---|
| | | |

**Анкета за родители**

1. **Дали сметате дека преминот кон кабинетска настава би го променил квалитетот на наставата и успехот на учениците?**




**Заклучок: Родителите сметаат дека кабинетската настава би била подобра и би го подобрила квалитетот на наставниот процес.**

2. **Дали училиштето ги промовира личните достигнувања на учениците?**




**Заклучок: Родителите сметаат дека училиштето ги промовира личните достигнувања на учениците.**

3. **Дали сметате дека наставниот кадар совесно си ја врши работата?**

| | | |
|---|---|---|
| | |   **Заклучок: Родителите сметаат дека наставниот кадар совесно си ја врши работата.** |

| **Клучни јаки страни** | **Слабости** |
| --- | --- |
| Наставниците редовно ги изработуваат и доставуваат годишните, тематските и оперативните планирања.<br><br>Постои усогласеност меѓу членовите на стручните активи во однос на планирањето на програмата и нејзината реализација.<br><br>Наставниците користат современи технички и нагледни средства.<br><br>Секоја година се врши посета на часови на наставниците од страна на стучната служба, пом.директори и директор.<br><br>Секој класен раководител и предметен наставник имааат слободен термин за консултации со родителите.<br>Во училиштето постои правилник за истакнување, пофалување и наградување на ученици.<br><br>Учениците имаат поддршка од наставниците и стручната служба, истите ги пофалуваат, почитуваат и им даваат совети во прилог на подобрување на нивниот успех, секогаш ги сослушуваат нивните идеи ин истите ги земаат во предвид заради подигнување на степенот на креативност и одговорност на своите ученици.<br><br>Оценувањето е јавно, постојано и зависи од многу нешта. Учениците бараат повеќе да се вреднуват усните проверки, не само тестовите. Евалуацијата се доживува од страна на учениците како лично постигнување.<br><br>Постои комуникација со родителите кои се доживуват како извор на информации во наставниот процес , нивните сугестии и интереси секогаш се земаат во предвид.<br><br>Стручната служба дава постојана поддршка на наставниците, учениците и родителите, води евиденција за следење унапредување на воспитно образовна дејност. | Преголеми наставни програми<br><br>Немање доволен број на учебници по одделни предмети. |

| | |
|---|---|
| Учениците учествуваат на различни натпревари и постигнуваат добри резултати, учествуваат и во други вонnаставни активности и покажуваат особен интерес за соработка со ученици од други збратимени училишта.<br><br>Учениците земаат учество во Erasmus+ проекти, а нивните достигнувања е промовираат преку социјални мрежи, веб страна на училиштето и медиуми.<br><br>Постои добра и континуирана соработка со родителите преку совет на родители, термини за консултации, советувања и дискусии каде се разгледуваат барањата на родителите и се земаат во предвид нивните сугестии. | |

| | |
|---|---|
| | |

| Приоритетни активности во рамките на ова подрачје за подобрување на состојбата во училиштето, а кои може да бидат вклучени во развојниот план на нашето училиштето | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Задолжени за реализација** | **Време на реализација** | **Индикатор за анализа на успехот** |
| Опремување на кабинети континуирано | Директор(менаџерскиот тим ) и активите | Во наредните 2 години | Подобрување на услови за следење на настава во различни кабинети |
| Осовременување на наставата со користење на ИТ техники и размена на искуства со училишта преку учество во Erasmus+ | Директор, наставници носители на проекти и др.наставници, ученици | Во наредните 2 години | Поголемо учество во проекти со други земји |
| Поттикнување на поголема соработка со родителите | Класните раководители, стручна служба и предметните наставници | Преку цела година | Самоиницијативен чекор за подобра комуникација и информираност за напредокот на своите деца |

**Самоевалвација на училиштата:** **Подрачје:Учење и настава**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите: Во последните години се забележува подобрување на условите за работа во училиштето што од друга страна води до повисоки резултати на учениците и нивна поголема ангажираност.** |
| |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>**Наставниците и учениците заедно да поставуваат барања со кои ќе се акцентира личниот избор и одговорност**<br>**Да создадат стимулативен простор за учење**<br>**Аналитички приод кон учењето**<br>**Логичко мислење и резонирање**<br>**Учење со користење на интерперсонална интелигенција**<br>**Доопремување на кабинети со современи технички помагала**<br>**Родителите да се чувствуваат и однесуваат како партнери кои исто така партиципираат ви идниот успех на детето**<br><br>***Членови на тимот:***<br>Елена Маневска Станојковска<br>Александра Маневска |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Поддршка на учениците**

СОУ Гимназија "Гоце Делчев" од Куманово е училиште кое им овозможува квалитетно образование на учениците и максимална поддршка во нивната понатамошна едукација. Образовниот дел го спроведува стручен кадар кој постојано се надградува едукативно и е во тек со новитетите во образовниот процес.

**Оддели во рамките на подрачјето:**

□ Здравје и хигиена на учениците во рамките на училиштето

□ Соработка ученик/наставник/служба, советодавна помош, следење на напредокот на учениците

□ Техничка опременост на/во училиштето

□ Севкупна грижа за учениците

| *Документи кои се прегледани* | *Кои информации се собрани* |
|---|---|
| | За да може училиштето да ги одржува стандардите на едукација на високо ниво, формирани се тимови за самоевалуација. Тимовите се формирани од неколку предметни професори. Еден од тимовите е тимот за поддршка на ученици којшто постои за да ги насочи учениците во понатамошно образование, но пред сé да ги поддржи во процесот на созревање и учење додека се дел од ова училиште, организирајќи редовна настава, додатна настава (поединечна или групна настава за талентирани ученици) и дополнителна настава (поединечна или групна настава за ученици послаби по успех), екскурзии, размена на ученици.<br>Ова подрачје, поддршка на ученици, ги разгледува начините на коишто се врши увид во работата, успехот, напредувањето и поведението на учениците, јаките и слабите страни во нивната работа, нивната соработка со наставниот кадар, стручната служба, односот ученик-родител, а обрнува внимание и на нивните потреби и вонучилишни активности.<br>Училиштето брои од 600 до 700 ученика годишно. Учениците што се запишуваат во прва година доаѓаат од различни училишта и различни се по националност и пол. Овој тим ги поддржува учениците во надминување на сите видови разлики и во одржување на одличниот успех (над 90% од нив во прва година се запишуваат како одлични ученици).<br>Тимот за поддршка на учениците, за да го даде својот придонес во самоевалуацијата на училиштето, дава отчет за својата работа во извештајот, којшто се потпира на следниве домени: (Сите домени проучувани во ова подрачје се поткрепени и со анкети спроведени на/врз родители, наставници и ученици. Подолу во извештајот се пренесени само дел од поставените прашања, а одговорите се прикажани процентуално.) |
| *Статут на училиште (Кодекс на однесување)* | Со Статутот се определува кодексот на однесувањето на учениците и сите вработени, нивните права и обврски, а со Кодексот на однесување, класниот раководител ги запознава учениците на првиот класен час, а нивните родители/старатели, на првиот родителски состанок. |
| *Дневник за работа* | Е-дневникот за работа служи за континуирана евиденција на работата на учениците и нивната редовност во наставниот процес. Во секој е-дневник се внесуваат записници за одржани Наставнички и Класни совети (колегиуми), каде што се утврдува успехот, напредокот и поведението на учениците, се бележат и мислења на предметните професори за одредени ученици и класот во целина. Во дневниците се внесуваат и педагошките мерки изречени од класниот раководител или Наставничкиот совет и причините поради кои се изречени истите. |
| *Табелари* | Во е-дневникот за работа се дадени табелари каде што се сумирани податоците за успехот, поведението и редовноста на учениците (класот) по поедини предмети. |

| | |
|---|---|
| *Евидентни листови* | Во евидентите листови се внесуваат оценките, поведението и податоци за редовноста на секој ученик посебно. Овие информации се наменети за родителите/старателите на ученикот. |
| *Портфолио/досие* | Постои ученичко портфолио и портфолио на наставник. Секој наставник води портфолио за сите ученици на коишто им предава. Тука се внесуваат податоци за успехот, редовноста, однесувањето, активноста на секој ученик, пофалници за учество на натпревар, награди, признанија како и мислењето/извештајот на предметниот професор за напредувањето на ученикот. |

| | |
|---|---|
| *Евиденција за постигнати резултати во натпревари по сите предмети и нивоа* | Натпревари на училишно, локално и државно ниво се одржуваат речиси по сите предмети. Истите се организираат со цел да ги поттикнат учениците на повисок интелектуален развој, да ја зголемат нивната самодоверба и лична сатисфакција, нивниот успех во училиштето, да се афирмираат себе и училиштето, а на тој начин им се отвораат и повеќе можности за понатамошно образование. Учениците се ослободуваат од настава доколку се припремаат за натпревар (добиваат еден ден пред натпреварот и им се ослободува денот кога е натпреварот, ако тој ден е работен). |
| *Здравје и хигиена на учениците во рамките на училиштето* | Во разговор со учениците на тема Здравје и хигиена во училиштето, Тимот заклучи дека учениците се задоволни од грижата на училиштето за нивното здравје и нивната безбедност и најголем дел од учениците се задоволни од хигиената во училниците и санитарните простории. Учениците укажаа задоволство од реновираните на санитарни кабини и можноста да ги остварат своите хигиенски потреби со напомена дека треба да се делува и на подигнување на свеста кај нив за да се чува и почитува она што е ново и реновирано зашто треба во добра состојба да остане и за наредните генерации.И во училниците се поставени нови подни површини, нови клупи и столови, ролетни на прозорците така што ги има сите услови за здрава и пријатна средина за учење. |
| *Севкупна грижа за учениците* | Што се однесува до безбедноста во училиштето, вратите се заклучуваат за време на наставата, постојат дежурни професори за време на одморите и дежурен ученик за време на наставата, којшто го проверува идентитетот на секој посетител, невработен во училиштето. Постојат доволен број на означени помошни излези и во училиштето. Во текот на учебната година се изведуваат вежби за евакуација со цел создавање на култура на однесување во вонредни ситуации. |
| | |

| | |
|---|---|
| Додатна и дополнителна настава | Тимот разговараше со учениците на тема соработка и консултации со наставници,дополнителна и додатна настава, воннаставни активности, меѓучовечки односи и нивното понатамошно образование... Од разговорот се заклучува дека учениците се задоволни од работната клима.<br>Додатната и дополнителната настава, на голем дел од учениците, им се чини премногу, затоа што доаѓаат пред часови или остануваат по часовите, ама истата им користи за проширување и продлабочување на знаењето и видиците, како и за зголемување на оценката.<br>Додатната и дополнителната настава ја реализира секој предметен професор со по 36 часа во една учебна година. И двата типа на настава се организираат за група или за еден ученик. Додатната настава, предметните професори ја држат со талентирани ученици коишто имаат потреба од проширување на знаењето или со ученици што се припремаат за натпревар. Ним им се дава додатен материјал за совладување и повеќе им се овозможува самостојна и истражувачка работа. Дополнителната настава е од големо значење за учениците со послаб успех. Наставниците ја изведуваат оваа настава за да им го дообјаснат и доближат веќе предадениот материјал. |

| | |
|---|---|
| Воннаставни активности | Воннаставните активности се застапени во годишната програма. По предметот географија, се посетува Планетариумот, по предметот музичка уметност,одговорниот наставник води група ученици на изведба на балет или опера. По македонски јазик и литература, учениците одат во театар, а и самите учествуваат и приготвуваат претстави, по предметот спорт и спортски активности, професорите ги водат учениците на планинарење, скијање, пливање,по предметот историја наставниците ги водат во посети на музеи, археолошки локалитети а ова година учествуваа во дебата „Јас имам став“ во организација на Собранието на РСМ. Во и уште многу други активности учествуваат ученици што имаат желба и афинитет за учество,што навистина сакаат да дадат свој допринос во реализација на воннаставните активности. |
| Тежина и прилагоденост на материјалот | Дел од учениците сметаат дека материјата по одредени предмети е несоодветна за нивната возраст, т.е сметаат дека нивото на знаење што се бара, на пример во III-та година, е многу повисоко од нивото на знаење во II-ра година; материјалот пренатрупан со неважни информации (особено по предметите географија и историја).<br>Часовите по странски јазик и предметот иновации и претприемништво, учениците ги истакнаа како најинтересни.<br>На оваа тема, Тимот разговараше и со некои наставници и дозна дека истите прават големи напори да им ја упростат материјата на учениците, укажувајќи им на позначајните работи од лекцијата и давајќи им додатни поедноставени материјали. |

| | |
|---|---|
| Комуникација ученик/наставник | Во училиштето постои комуникација ученик/наставник,ученик/ученик и наставник/наставник и учениците се задоволни како се одвива истата. Учениците укажаа и на фактот дека предметните професори се достапни за било каква информација и одвојуваат време за дополнителни консултации. Дури од нив бараат совети за избор на понатамошното образование, на проектна активност, за пакет во трета година или пак за предмети што сакаат да ги полагаат во интерниот дел од матурата. Речиси сите ученици го избрале ова училиште затоа што дава одлична основа за понатаму и нуди повеќе можности за избор на факултети во државата и надвор од неа. |
| Разговор на тимот со претставник од стручна служба | На оваа тема тимот разговараше и со психолог, претставник од стручната служба. Во разговорот беа поставени повеќе прашања: како стручната служба (педагогот,психологот) излегува во пресрет на учениците, како ги надминува евентуалните проблеми, како учествува во подобрување на условите за работа и самата комуникација помеѓу професори и ученици. Претставникот од стручната служба посочи дека учениците се запознаваат со работата и улогата на стручната служба на почеток на секоја учебна година за време на класниот час. Тие вршат разговори и консултации со учениците поединечно и на таков начин им помагаат да ги надминат проблемите во наставата, проблемите во однесувањето или домашните проблеми. Со таа цел, стручната служба контактира и со класните раководители и со предметните професори и со родителите на учениците. |

| | |
|---|---|
| Техничка опременост на училишниот простор | Што се однесува до техничката опременост на училиштето, на учениците им се допаѓа фактот што постојат компјутери, проектори, смарт табли, но сметаат дека истите треба уште повеќе да се користат во наставата, а и не постојат соодветни компјутерски програми по одредени предмети што на учениците би им помогнале во совладување на материјалот. За постоечките кабинети, учениците имаат солидно мислење, затоа што сметаат дека се соодветно опремени, но има потреба и од доопремување. |

### Ученички парламент

Во рамките на СОУ Гимназија „Гоце Делчев„- Куманово, постои и континуирано делува училишниот парламентот, како посебно тело. Ученичкиот парламент претставува орган составен од ученици, чија главна цел е да ги идентификува и решава проблемите на учениците, како и да придонесува за подобрување на условите и атмосферата во училиштето. Парламентот служи како глас на учениците, овозможувајќи активна соработка меѓу нив и наставниот кадар.

Ученичкиот парламент започнува со работа на почетокот на секоја нова учебна година, успешно избирајќи го својот состав. Програмата на парламентот се подготвува заедно со наставниот кадар и учениците и опфаќа активности насочени кон решавање на проблемите на учениците и подобрување на училишната средина.

Парламентот ќе дејствува активно и со ентузијазам, со цел да се позиционира како најдобар ученички парламент во државата, со посветена работа и иновативни идеи кои ќе донесат позитивни промени за сите ученици.

Во текот на учебните 2023/2024 и 2024/2025 ученичкиот парламент имаше повеќе активности:

- Формирање на Ученичкиот парламент
- Претставување преку организацијата ЦИД-ЛЕАД
- Новогодишна забава
- Хуманитарна акција за новогодишни пакетчиња
- Формирање и ставање во функција на дебатниот клуб
- Организирање посети и соработка со библиотеката, културниот дом и судот за проширување на знаењата и истакнување на знаењето
- Спортски турнири:
- Волонтерски активности: Организирање хуманитарни акции по даден предлог
- Еко-проекти: Садење дрвја или цветни градини во дворот на училиштето; Организирање акција за чистење на околината.

## Анкети

Тимот за поддршка на ученици и другите тимови во склоп на самоевалуацијата на училиштето спроведоа повеќе анкети изработени од страна на стручната служба во училиштето за да го видат мислењето на учениците, вработените во училиштето и родителите за сето она што е поврзано со самото училиште. Беа анкетирани 89 родители, 29 наставника и 105 ученика. Во овој извештај се пренесени само дел од прашањата што го засегаат ова подрачје, а одговорите се претставени процентуално и табеларно:

а) анкета: родители (89 анкетиран):

1. Дали училиштето ги промовира (истакнува) личните достигнувања на учениците?

9. Дали сметате дека постои соработка на релација наставник-ученик во училиштето?

10. Дали сметате дека постои соработка на релација наставник-родител во училиштето?

13. Дали училишната управа и наставниците редевно ве вклучуваат во следење и развој во воспитно-образовниот процес на Вашите деца?




Анкетата покажува дека родителите делумно се задоволни од промовирање на личните достигнувања на учениците,како и од соработката помеѓу наставниците и учениците.Во однос на соработката со наставниците и управата во училиштето голем дел од родителите сметаат дека постои соработка на таа релација и дека редовно се вклучени во следењето на воспитно-образовниот процес на нивните деца.

б) анкета: наставници (29 анкетирани):

5. Дали постои соработка и почитување меѓу наставниците и учениците во Гимназија?

13. Сметате ли дека наставниците им даваат повратна, конструктивна информација на учениците за нивните постигања?

18. Дали наставникот на часовите создава атмосфера во која учениците ќе се чувствуваат сободни во изразување на своето мислење?




Според анкетата, 76 проценти од анкетираните наставници сметаат дека постои соработка и почитување помеѓу наставниците и учениците, и дека им даваат повратна и конструктивна информација на учениците за нивните постигања.
Во однос на создавање на атмосфера за слободно изразување на учениците, според анкетата 82 проценито од наставниците вложуваат труд и часовите ги организираат на таков начин.

в) анкета: ученици (105 анкетирани):

3. Дали сте вклучени во вonнаставни активности и сметате ли дека се тие силна поддршка на учениците за наставата и постигањата.

5. Дали атмосферата во училниците придонесува учениците да се чувствуваат слободни во изразување на сопственото мислење?

9. Сметате ли дека наставниците навреме ви кажуваат колку напредувате во учењето?

10. Сметате ли дека кога има проблем во училиштето, наставниците и службата Ви ја даваат потребната помош?

17. Дали постои почитување меѓу наставниците и учениците?




Според направената анкета, висок процент од учениците сметаат дека вклучувањето во воннаставни активности им

помага во постигањата, и дека за време на часовите се чувствуваат слободни во изразувањето на своето мислење. Иста така сметаат дека наставниците на време им кажуваат колку напредувале во учењето и постигањата. Во однос на

помошта која наставниците и стручната служба ја даваат на учениците, 74% од учениците сметаат дека ја добиваат потребната помош кога имаат проблем. Најголем дел нод учениците сметаат дека постои почитување помеѓу наставниците и учениците, а помал дел се со поделени мислења.

Спроведените разговори со учениците и стручната служба, во текот на 2023 ,2024 и 2025година, додека се уште се одвиваше настава во училиштето, овој тим ги искористи да ги претстави јаките и слабите страни што се однесуваат на подрачјето Поддршка на учениците со цел истите да се подобрат или да се зајакнат.

| *Јаки страни* | *Слаби страни* |
| --- | --- |
| - Одлична соработка на наставниците со учениците, родителите и стручната служба<br>- Добра комуникација професор-ученик<br>-Различни техники коишто се користат во наставата за да се мотивираат и активираат учениците<br>-Редовна и детална евиденција за редовноста, успехот и напредувањето на секој ученик посебно<br>-Успешна соработка со различни невладини организации: Мајка, Триаголник, Доверба, Креатор,<br><br>ЦИД (а дел од учениците се дел од истите)<br><br>-Успешна соработка со здравствените установи: и учениците и вработените редовно одат на задолжителни систематски прегледи<br><br>-Постојана едукација на учениците што се однесува на пороците; редовно се огранизираат и предавања од стручни лица за преносливи болести, несакана бременост и за полови односи воопшто<br><br>-Постојана дообразба на релативно младиот кадар им овозможува да држат чекор со напредокот на технологијата; | -Ограничен број на литература (лектири), стручни помагала и нагледни средства -библиотеката би требало да се снабди со поголем избор на стручна литература, списанија од различни области, а и треба да е во тек со новоиздадените дела<br><br>-поголема соработка со младинските организации на локално и регионално ниво,со други културно- просветни и образовни институции,<br>-поголема шанса и можност за учество во Еразмус проектите за повеќе ученици,<br><br>-Да се обезбедат услови за работа со надарени (талентирани) ученици, |

| | |
|---|---|
| нивната амбициозност и ревност во извршувањето на работните | |

| | |
|---|---|
| обврски им овозможува на учениците да стекнат солидни знаења и позитивни навики<br>-Можност за учениците да учествуваат во разни хуманитарни акции: давање на крв, собирање на облека за социјално загрозените семејства<br>-Редовно информирање на учениците и родителите за новитетите во училиштето и за разни други активности во училиштето<br>-Соработка со други училишта во Македонија и надвор од нејзините граници; одлична можност за учениците да разменат искуства и да научат нешто ново за навиките, обичаите и културата на еден друг народ<br><br>-Огромен број на награди и признанија на учениците - промовирање на училиштето и доказ дека училиштето има традиција на успех и континуитет во работа со учениците<br><br>-Успешна соработка со локалната заедница | |

Во иднина, овој тим ќе се активира повеќе околу следниве активности кои што можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето, со цел да ги заштитат интересите на учениците:

**Идни активности    Приоритетни активности за поддршка на ученици**

| Активности | Задолжен за реализација | Време | Финансиски сретства | Индикатор за анализа на успешноста |
|---|---|---|---|---|
| -подобрување на општата хигиена во училиштето | Технички персонал, сите вработени и учениците | Во текот на учебните 2025/2026, 2026/2027 | Училиштето Спонзори Локална самоуправа | Подобрувањена свеста кај учениците Задоволни ученици, наставници и родители |
| -промовирање на успехот и постигнувањата на учениците | Директор, Наставници, Стручна служба ученици | Во текот на учебните 2025/2026, 2026/2027 | Училиштето Спонзори Локална самоуправа медиуми | Мотивираност на учениците за постигнување на поголеми успеси |
| **-обезбедување на помош на учениците со еден родител или без родители** | Училиштето Министерство за труд и социјална работа<br>Општина<br>НВО за лица со посебни потреби | Долгорочно планирање од две години | Општина Донации Министерство за труд и социјална работа НВО за лица со посебни потреби | Полесно адаптирање на учениците со еден родител или без родители во училиштето, поддршка на учениците итн. Задоволни ученици, наставници |

**Тим за поддршка**

**Драгана Јосимовска, Лидија Тасевска Стојковиќ, Марина Ѓорѓевиќ, Филип Младеновски**

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Училишна клима**

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- Училишна клима и односи во училиштето
- Еднаквост и правичност
- Промовирање на постигањата
- Партнерски однос со родителите и локалната и деловната заедница

| | |
|---|---|
| **документи кои се прегледани.**<br><br>**Годишен извештај за работа на училиштето 2023-2024;**<br><br>**Годишен извештај за работа на училиштето 2024-2025;**<br><br>***Изработил:***<br><br>***Ирена Стаменковска*** | Кои информации се собрани?<br><br>Од целокупната документација која е наведена може да се добие целосен преглед на сите активности и случувања и постигнати резултати во текот на минатата учебна година. Училишната клима се заснова врз основа на соработката помеѓу наставниците , наставниците и учениците , наставниците и педагошка – психолошката служба и наставниците и родителите. Односите помеѓу наставниците се засноваат врз меѓусебно почитување , соработка , разбирање и реализација во наставата .<br><br>Односите помеѓу наставниците и учениците е регулирано со Закон за средно образование и со Статутот на училиштето .<br><br>Односот меѓу учениците произлегува од кодексот на однесување во училиштето .<br><br>Односите меѓу учениците со различни способности или со пречки во психофизичкиот развој се заснова врз взаемно почитување и целосна подршка од соучениците во совладувањето на наставните програми .<br><br>Соработката на училиштето со родителите содржи повеќе компоненти и форми: запознавање со Годишната програма за работа, Кодексот на однесување во училиштето, наставниот план за работа на предметните професори и на психолошко-педагошката служба. Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето во кој спаѓаат раководниот кадар, стручната служба, наставниците, техничкиот пресонал, учениците, родителите и надворешни посетители. Во неговата работа учествува комисија составена од предметни наставници и претставник на училишната заедница. Со сето ова се запознаени и родителите и учениците. Во случај на прекршување на принципите и правилата пропишани со Кодексот на однесување за вработените следуваат казни согласно со Законот за работни односи а за учениците соодветни педагошки мерки според Законот за средно образование и Статутот на училиштето.<br><br>Од записниците на класните и наставничките совети добиени се информации за дисциплината и поведението на учениците во тековната учебна година и за преземените мерки за разрешување и надминување на моменталните ситуации. Во зависност од природата и тежината на проблемот училиштето презема соодветни мерки за надминување на истите. Од особено значење е воведувањето на т.н. советување на родители кое го работи психолошката служба во училиштето. Секој ученик со направени над 10 неоправдани изостаноци или нарушување на Кодексот на однесување добива покана и тој и неговиот родител за стручно советување. |

| | |
|---|---|
| **Годишен извештај за работа на училиштето 2023-2024;**<br><br><br><br>***Годишен извештај за работа на училиштето 2024-2025;*** | Наставниот кадар посетува семинари за разрешување на конфликти и слични теми за подобрување на училишната клима.<br><br>Раководниот и наставниот кадар игра важна улога во одржување на постојано добра атмосфера во училиштето. Не постои дискриминација на ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, верата и потеклото. Доколку се јави некој случај на релација ученик-ученик веднаш се интервенира од страна на класниот раководител и педагошко-психолошката служба и во повеќето случаи успешно е решен.<br><br>Учениците се навремено информирани за сите работи што се од нивен интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето ги мотивира учениците да учествуваат во реализација на разни проектни, смотри, голем број општински и републички натпревари со што се подобрува во голема мера соработката меѓу наставниците и учениците. Учениците и нивните ментори добиваат дипломи, награди, сертификати, пехари и слично. Од друга страна и самото училиште се обидува скромно да ги награди учениците кои придонесуваат за афирмација на училиштето во градот, државата и пошироко. |
| ***Годишен извештај за работа на училиштето 2023-2024;***<br><br><br><br>***Годишен извештај за работа на училиштето 2024-2025;*** | СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ<br><br>Училиштето е постојано отворено за соработка со лица однадвор. Најпрвин тоа е отворено за соработка со родителите кои секогаш се соодветно примени од наставниците, стручните работници и директорот. Соработката на родителите со наставниците во училиштето е на ниво на рамноправен партнерски однос .Ова се гледа и од спроведената анкета за родителите со која беа опфатени по пет родители за време на родителските состаноци во првото полугодие. Комуникацијата на родителите се одвива преку родителски состаноци, состаноци на Совет на родители, состаноци на Одбор на родители на паралелки, групни средби со родителите, писмени и телефонски покани за родителите како и поканување на манифестации во училиштето. Но и покрај сето тоа се чувствува недостиг од соработка со родители на поедини ученици кои заостануваат во учењето и не се редовни во наставата. Во такви случаи задолжително се вклучува психолошко-педагошката служба и проблемот во најголем број случаи се надминува. Училиштето ги потикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца и животот во училиштето. Преку родителските средби и е дневник , родителите се информираат за успехот , постигнувањата , и поведението на своите деца . |

| | |
|---|---|
| **Записници од одржани состаноци со родители во учебната 2023-2024;**<br><br>**Записници од одржани состаноци со родители во учебната 2024-2025;**<br><br>**Изработил:Ирена Стаменковска** | СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА<br><br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес за заедницата. Се организираат посети на театарски претстави, музеи, изложби, саеми, а се организираат и настапи на учениците по повод патронен празник, литературни средби и читања во соработка со градската библиотека, тематски изложби и слично.<br><br>Училиштето остварува соработка и со невладиниот сектор, со Црвен Крст-Куманово, со МВР Куманово, со Против Пожарна служба, со локални спортски клубови и слично. Училиштето остварува плодна соработка и со другите училишта од градот и регионот но особено се актуелни соработките со училишта од други држави: Италија, Франција, Турција, Русија, Србија, Хрватска... |

| Прашалници, анкети, набљудувања... | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | Кои информации се собрани<br><br>Извештај од анализа на анкетата спроведена во учебната 2025/26 година<br><br>Во спроведената анкета на тема: План за самоевалуација на училиштето - училишна клима и односи во училиштето беа анкентирани наставници, родители и ученици.<br><br>Според спроведената анкета добиени се резултати за секое одделно прашање а дел од неа се:<br><br>**Од анкета за наставници**<br><br>1.Прашање: Дали постои взаемно почитување и соработка меѓу наставниците во Гимназијата ? Од вкупно 30 испитаници со ДА одговориле 21 , со НЕ 1 испитаник и со ДЕЛУМНО 8 наставници<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од вкупно 30 испитаници: ДА 70,00% НЕ 3,3% ДЕЛУМНО 26.6%<br>Високиот процент на одговорот ДА е очекуван но сепак загрижува и податокот дека постојат активи кај кои постои соработка од овој вид но таа е делумна.<br><br>2. Прашање: Дали постои соработка и почитување меѓу наставниците и учениците во Гимназијата ?<br>Со ДА одговориле 22 од анкетираните,со НЕ одговориле 0, а со ДЕЛУМНО 7 наставници.<br>Од вкупно 29 испитаници: ДА 75,86% НЕ 0% ДЕЛУМНО 24,1%<br><br><br>Високиот процент на одговорот ДА е очекуван бидејќи има соработка помеѓу наставниците и учениците.<br><br>3. Прашање: Дали наставникот на часовите создава атмосфера во која учениците ќе се чувствуваат слободни во изразување на своето мислење ?<br>Со ДА одговориле 24 , со НЕ 0 и ДЕЛУМНО 5.<br>Од вкупно 29 испитаници : ДА 82,75% НЕ 0% ДЕЛУМНО 17,24 % |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Високиот процент на одговорот ДА е очекуван но исто така постои делумна атмосфера за слободно изразување на учениците.<br><br>4.Прашање:Дали сметате дека училишната клима зависи од раководниот тим ?<br><br>Со ДА одговориле 25 од анкетираните,со НЕ одговориле 1, а со ДЕЛУМНО 3 од наставници. Од вкупно 29 испитаници: ДА 86,20% НЕ 3% ДЕЛУМНО 10% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Високиот процент од испитаниците (наставниците ) се изјасниле дека училишната клима зависи од раководниот тим .<br><br>5.Прашање: Сметате ли дека наставниците им даваат повратна конструктивна информација на учениците за нивните постигања ?<br>Со ДА одговориле 22 , со НЕ 0 а со ДЕЛУМНО 7<br>Од вкупно 29 испитаници : ДА 75,86% НЕ 0% ДЕЛУМНО 24,13 % |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Според мислењето на анкетираните наставници сите ученици добиваат информации за своите постигнувања ,само мал процент од наставниците се изјасниле за делумна информација .<br><br>6.Прашање: Дали сметате дека училиштето добро се справува со сите што го кршат кодексот на однесување ?<br>Со ДА одговориле 16 испитаника со НЕ 3 исптаника и со ДЕЛУМНО 11 наставници .<br>Од вкупно 30 испитаници : ДА 53,33% НЕ 10% ДЕЛУМНО 36.6 % |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Според мислењето на анкетираните наставници голем процент се изјасниле дека училиштето делумно добро се справува со кодексот на однесување .<br><br>Од анкета за ученици –<br><br>1. Прашање: Дали во училиштето постои дискриминација по пол социјален статус или националност ?<br>Со ДА одговориле 13, со НЕ 50 а со ДЕЛУМНО 26 :<br>ДА 14,6% НЕ 56,17% ДЕЛУМНО 29,21% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Од 89 анкетирани ученици 56,17 %се изјасниле дека не постои дискриминација по пол , социјален стаус или националност .Но , не треба да се занемари податокот дека има и ученици кои се изјасниле дека делумно постои дискриминација .<br><br>2. Прашање: Сметате ли дека кога имате проблеми во училиштето , наставниците и службата Ви ја даваат потребната помош ?<br>Со ДА одговориле 31, со НЕ 32 а со ДЕЛУМНО 26 :<br>ДА 34,83% НЕ 35,95% ДЕЛУМНО 29,21% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Од 89 анкетирани ученици 32 ученика или 35,95 % се изјасниле дека не ја добиваат содветната помош од службата и наставниците во решавањето на нивните проблеми. А 31 ученик или 34,83 % се изјасниле дека од службата и наставниците ја добиваат потребната помош во решавање на нивните проблеми .<br><br>3. Да ли атмосферата во училниците придонесува учениците да се чувствуваат слободни во изразувањето на сопственото мислење ?<br><br>Од вкупно 89 испитаника со ДА одговориле 47 испитаника , со НЕ 14 испитаника а со ДЕЛУМНО 28 испитаника .<br>ДА 52,80% НЕ 15,73 % ДЕЛУМНО 31,46% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Од 89 ученици 52,80 % се изјасниле дека имаат слобода во изразување на сопствното мислење , ставови , идеи т.е преовладува демократски однос во работната атмосфера во училниците .Но треба да се земе во предвид дека има и ученици 31,46 % кои делумно не се согласуваат дека имаат слобода во изразувањето .<br><br>4. Дали постои интеракција на часовите (поставување на прашања , дебатирање, работа во група ,водење на дискусија )?<br>Од вкупно 89 испитаника со ДА одговориле 60 испитаника , со НЕ 1испитаник а со ДЕЛУМНО 28 испитаник.<br>ДА 67,41 % НЕ 1,12% ДЕЛУМНО 31,46% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br><br>Од добиените податоци  голем број од анкетираните испитаниците, ученици сметаат дека постои интеракција на релација професор –ученик и ученик- професор и тоа е добар  показател дека постои позитивна клима за работа која се одвива преку дебати , дискусии,работа во групи и итн .<br><br>5.Дали постои взаемно почитување меѓу учениците во класот , годината ?<br>Од вкупно од 89 испитаника ,со ДА одговориле 57 испитаника , со НЕ 5 испитаника ,  а со ДЕЛУМНО  27  испитаника .<br>ДА    64,04%                  НЕ  5,6%           ДЕЛУМНО  .   30,33% |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Од ситуацијата може да се согледа дека постои соработка помеѓу врсниците ,сооучениците во класовите , т.е има кохезивност во работната атмосфера.<br><br>6. Дали постои почитување меѓу наставниците и учениците ?<br>Од вкупно од 89 испитаника ,со ДА одговориле 54 испитаника , со НЕ 7 испитаника , а со ДЕЛУМНО 28 испитаника.<br>ДА 60,67% НЕ 7,86% ДЕЛУМНО 31,46% |

| | | |
|---|---|---|
| | |  <br>Во врска со ова прашање може да се согледа дека постои релативно добар однос помеѓу наставниците и учениците , но треба да се земе во предвид и генерацискиот јаз помеѓу наставниците и учениците што се одразува на работната атмосфера и не треба да се занемари податокот од 31,46% од учесниците што имат негодување за односот , и треба да се работи да се стекне обострана доверба , и соработка помеѓу учениците и наставниците и тоа се одразува на почитта помеѓу двете страни. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Училишна клима**

| **Клучни јаки страни** | **Клучни слаби страни** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Еднакво и правично однесување со сите ученци без разлика на пол, возраст, социјален статус, етничка и национална припадност ; Редовно и уредно ажурирање на WEB и Fb страна на училиштето<br><br>Добра комуникација меѓу наставниците и учениците;<br><br>Професионално водење на педагошка документација;<br><br>Редовни родителски средби според годишната програма за работа на училиштето кои се одржуваат во ист термин по години што овозможува добра координација на ниво на година;<br><br>Постојана соработка меѓу родителите и стручната служба;<br><br>Отвореност и соработка на училиштето со културните и образовните институции на локално, републичко но и меѓународно ниво;<br><br>Учество и организација на регионални и републички натпревари;<br><br>Учество на учениците во проекти со различни едукативни содржини;<br><br>Поттикнување и организирање на учениците во одбележување на сите државни празници;<br><br>Свечено одбележување на Патрониот празник на училиштето преку организирање на литературни конкурси, квиз натрепвари по одделни предмети, спортски натревари, литературни читања, ликовни изложби, издавање на училишен весник; | Недоволно финансиско стимлирање на учениците кои остваруваат високи резултати на републички но и на останати повисоки нивоа на натпреварувања од страна на МОН ;<br><br>Предлог за надминување: изнаоѓање на фондови на локално и републичко ниво наменети за оваа цел од страна на МОН ; По релевантно истакнување на соработката на училиштето со останатите училишта во и надвор од земјата;<br><br>Предлог за надминување: изработка на инфоматор или агенда на планирани активности за одреден период која ќе биде достапна за сите ученици;<br><br>Во сите активности секогаш може повеќе училиштето треба да тежнее кон таа цел; |

| | |
|---|---|
| Заеднички дружења на вработените по повод новогодишните празници, одбележување на патрониот празник, прослава на 8ми март, заминување во пензија на настанавниците;<br><br>Професионална соработка меѓу колеги од исти или сродни предмети;<br><br>Активна соработка со невладиниот сектор што резултира со испраќање на наши ученици во младински кампови во европските земји;<br><br>Постои соработка и почитување меѓу учениците од иста паралелка но и од останатите паралелки;<br><br>Подготвеност на учениците да го препорачаат училиштето на идните средношколци;<br><br>Училиштето користи повеќе методи за комуникација со родителите; | |

**Приоритетни активности во рамките на подрачјето Училишна клима за подобрување на состојбата во училиштето а кои може да бидат вклучени во развојниот план на училиштето**

| Активност | Задолжени за реализација | Време на реализација | Финансиски средства | Индикатор за анализа на успехот |
|---|---|---|---|---|
| • Организирање на семинари за обука на наставници за унапредување на воспитно – образовната работа | МОН ,БРО и активите по предмети | Во текот на следните три години | МОН ,БРО и МИО активите по предмети | Подобрување и унапредување на воспитно – образовниот процес на ниво на училиштето . |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • Промовирање на постигнувањата на учениците на повисоко ниво | Училиштето , Општината МОН и БРО | Во текот на следните три години | Училиштето , Општината МОН и БРО НВО и спонзорства од страна на бизнис секторот . | Поголема мотивираност на учениците и менторите за повисоки постигнувања . |
| • Поголема мотивација за учениците кои придонесуваат за афирмирање на училиштето | Директорот<br><br>Училишниот одбор ,<br><br>Наставнички колегиум | Во текот на следните три години | Од донатори гратис екскурзии | Поголемо вклучување на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| • Изработка на иноформатор или агенда за планирани активности за одреден период за актуелни соработки што училиштето ги има со училиштата од други држави | Стручна служба и класни раководители | Тековно информирање на огласна габла | / | |
| Зголемување на соработка меѓу субјектите ( наставник –ученик ;ученик –ученик | Класни раководители<br><br>Ученички заедници | Во текот на следните три години | / | Анкета на крајот на наставната година (во спроведената анкета висок процент за соработка се изјасниле дека постои понекогаш ) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Информирање за напредокот на учениците ( јавно оценување ) –да нема ученици кои би одговориле на оваа прашање со ‘’ понекогаш ‘’ | Сите наставници | Во текот на следните три години | / | Анкета на крајот на наставната година |

Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

-Организирање на заеднички едукативни работилници за наставниците и учениците

-Организирање на активности од забавен карактерб со некое популарно мото во училишните простории

-Организирање на спортски натпревари за вработените во училиштето

Афирмација на постигнувањата на учениците

Организирање на семинари за обука на наставниците за унапредување на воспитно-образованрта работа

***Членови на тимот:***

1. *Ирена Стаменковска*

2. *Ангела Петковска*

3. *Ана Трајковска*

4. *Далибор Димковски*

**Подрачје : РЕСУРСИ**

| |
|---|
| ***Ресурси (фактори на производство) претставуваат инпути – влезни големини што ги користат претпријатијата ( бизниси) во процесот на работа. Со користење и различна комбинација на различни инпути (згради, опрема, технологија, суровинв, помошен материјал, работници, менаџери, финансиски сретства и друго) може да се создадат најразновидни производи и услуги. Ресурсите се неопходни сретства за организација и спроведување на воспитно-образовниот процес.*** |
| **Индикатори за квалитет на подрачјето ресурси**<br>- Сместување и просторни капацитети<br>- Наставни средства и материјали<br>- Обезбедување на потребниот наставен кадар<br>- Следење на развојните потреби на наставниот кадар<br>- Финансиско работење во училиштето |

| Извори на податоци | 6.1 Сместување и просторни капацитети |
|---|---|

| | |
|---|---|
| План на училиште | • **Просторни услови**<br><br>Училишната зграда во која се одвива воспитно образовниот процес во најголем дел е изградена во1945 година, во 1978 година е доградена новиот дел со што е зголемен просторниот капацитет во училиштето и 2022 - 2023 извршено внатрешно и надворешно реновирање.<br><br>Училишниот простор ги задоволува условите за изведување на образовниот процес во кој е опфатен:<br><br>Деловниот простор во училиштето изнесува 6500м2, од тоа дворно место и зелена тревна површина пред зградата на училиштето и спортско игралиште за фудбал и кошарка и паркинг простор зад училишната зграда завземаат 800м2 .<br><br>Училиштето располага со 26 училници, 8 во новиот дел и 18 во стариот дел. Димензии на училниците во новиот дел изнесуваат 8.50/6 метри, а во стариот дел 8.90 / 5.70 метри. Во училиштето има 9 кабинети и тоа по македонски јазик, географија, физика, хемија, биологија, информатика, историја, музичка уметност, математика.<br><br>Училиштето располага со спортска сала која зафаќа 360м2, со димензии 30 / 12 метри, со 3 соблекувални и еден канцелариски простор,еден магацински простор, теретана и просторија за пинг-понг, пикадо и шах во подрумски дел, со што ги задоволува потребите за изведување на наставата.<br><br>Во училишната зграда има медијатека, галерија, 6 канцелариски простории: канцеларија за наставници, за Директор, секретар, благајник, стручна служба и сала за состаноци.Во училиштето има библиотека со мала читална, портирница и просторија за домаќинот на училиштето и просторија за дежурство на ученици. Во училиштето постојат 6 женски и 6 машки санитарни јазли од кои 2 се користат од страна на наставниците и помошниот персонал кои ги задоволуваат потребите .<br><br>Во подрумскиот дел постои просторија за пинг-понг и теретана, како и просторија со потребни алати за кои е одговорен хаус мајсторот на училиштето.<br><br>Во училишниот двор поставена е метеоролошка станица за мерење на температура (максимална, минимална и моментална) за изминатите 24 часа, моментална влажност на воздух и сат за мерење на количество на врнежи, барометар за мерење на притисок. |

| | |
|---|---|
| Скица за распоред на просторните капацитети | ● **Искористеност на просторните капацитети**<br><br>Училишната зграда во 2022/23 во најголем дел е реновирана со поставување на нов покрив на кој се поставени фотоволтаици, нова фасада со термоизолација, нови прозорци со ролетни и врати, клима уреди во училниците и кабинетите, целосно обновени внатрешните ѕидови во училниците и ходниците, нови подови во училници, целосно реновирани санитарни јазли, поставен лифт, реновирана спортската сала и изграден спортски терен за фудбал и кошарка со поставување на трибина, поставување на нови цевки околу училишната зграда за подобра изолација од атмосферска вода, обновена и доработена оградата на училишниот двор, поставен пристап за ученици со посебни потреби и уредени зелени површини со што многу се подобруваат условите за изведување на воспитно образовен процес.<br><br>Училиштето има план и распоред за користење на училниците ,кабинетите и другите простории во училиштето кои максимално се користат за изведување на наставата и вон наставните активности.<br><br>Наставата се изведува во две смени, прва смена од 7:15 до 13:00, а втора смена од 13:15 до 19:00 часот.<br><br>**6.2 Наставни средства и материјали** |
| Увид во библиотечната евиденција:<br><br>Анкета со ученици | ● **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br><br>Училиштето располага со книжен фонд од 29 500 книги, од кои дел е стручна литература по сите предмети, а друг дел се лектири кои добро соодвествуваат со наставните планови. Библиотеката располага и со постари изданија од стручната литература посебно од предметот историја, и понова литература по други предмети, изданија на англиски, француски, италијански, германски јазик и друга современа литература,енциклопедии, речници и преводи на стручна литература од современи автори кои го подобруваат образовниот процес.<br>Опременоста со наставните средства и помагала во кабинетите и училниците ги задоволуваат потребите но постои разлика во опременоста од еден до друг кабинет во зависност од потребите за одвивање на наставниот процес.<br>Активот по хемија: |

| | |
|---|---|
| Документација на училиштето за набавување на стручна литература и помагала<br><br>Разговор со наставници, библиотекар<br><br>Пописна листа од 2024 година | Располага со LCD проектор, смарт табла, компјутер, клима уред, киселините и реагенсите континуирано и по потреба се набавуваат бидејќи е потрошен материјал.<br>Актив по биологија:<br>Располага со LCD проектор, смарт табла, компјутер, клима уред и сите други потребни нагледни средства.<br>Актив по математика:<br>Располага со кабинет од мај 2013 година, кој е опремен со смарт табла, проектор и 24 столчиња како основни средства и други нагледни средства.<br>Актив по историја.<br>Во кабинетот има маси и столчиња, табла-бела, смарт табла, компјутер, проектор, клима уред, карти, 1 клима уред.<br>Актив по информатика:<br>Располага со компјутери, бела и смарт табла, проектор, а во медијатеката има 30 понови компјутери, бела и смарт табла и проектор, клима уред.<br>Актив по спот и спортски активности:<br>Реализирање на наставната програма по спорт и спортски активности се одвива во спортска сала, опремена со потребните средства и помагала и клима уред.<br>Актив по Физика:<br>Кабинетот располага со нова опрема - електростатска, инфлуентна машина, теслин трансформатор, модел на вртливо магнетно поле, синхрон мотор, компјутери, смарт табла, проектор, бела табла, клима уред.<br>Актив по музичка уметност:<br>Кабинетот ги користи следните надгледни средства: компјутер, аудио CD, појачало за звук, микрофони, гитара и синтисајзер, - клавијатура, радио-цд, касетофон, тв-приемник, енциклопедии, хамери, слики, табла, клима уред.<br>Актив по македонски јазик:<br>Кабинетот располага со смарт табла, проектор, клима уред и други нагледни средства.<br>Актив по географија:<br>Кабинетот располага со смарт табла, проектор, клима уред, карти и други нагледни средства. |
| Записници од одржани состаноци на стручни активи<br><br>Разговор со наставници | Наставниците и учениците ефективно ги користат наставните средства и материјали како и ИКТ за потребите во наставниот процес кои им стојат на располагање и кои училиштето постојано ги обновува за потребите на современата настава. Во последните години училиштето има обезбедено во сите училници и кабинети електронски табли и компјутери. Потребите за наставните средства се утврдуваат преку состаноци на координативни тела, писмени барања<br>на стручни активи за нивните потреби, квалитативна анализа на стручната служба, помошниците на Директорот и самиот Директор. |

| | |
|---|---|
| Документација на училиштето за набавување на стручна литература и помагала и потрошен материјал. | Ефективна употреба на наставни средства и материјали се утврдува преку нагледни часови на кои присуствуваат членови на активи, стручна служба и Директорот, советници од Бирото за Развој на Образованието, претставници од републичкиот просветен инспекторат и претставници од проекти кои се реализираат во училиштето.<br>Во училиштето напојувањето со електричната мрежа е редовно, надополнето со сопствени извори од фотоволтаици. Интернет напојување за користење на компјутерска опрема е на задоволително ниво а загревањето на гас целосно ги задоволува потребите на училишето.<br><br>● **Училишна библиотека**<br>Училишната библиотека прописно ја води библиотечната евиденција електронски и писмено и има прегледност на распоред на книжниот фонд кој се зголемува секоја година со нови учебници по одделни предмети и литература со превод од англиски јазик. Библиотеката е пристапна до учениците и наставниците во најголем дел од денот.Просторните капацитети на библиотеката ги задоволуваат потребите на учениците.<br><br>● **Потрошен материјал**<br><br>Училиштето планира и на време обезбедува потрошен материјал кој ги задоволува реалните потреби на училиштето за реализација на наставните и воннаставните активнсти. Потребата за потрошен материјал се утврдува преку состаноци на стручни активи и тоа писмено се потврдува во записници од стручни активи и преку состаноци на координатори на години. |
| | **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** |
| Годишна програма за работа на училштето<br><br>Документација од стручната служба | ● **Број на вработени и соодветност на работниот кадар**<br><br>● Број на вработени и соодветност на работниот кадар<br>Училиштето има обезбедено доволен број на наставници кои се во согласност со нормативите и истиот е квалификуван и оспособен за реализирање на воспитно образовниот процес во согласност со потребите на учениците и училиштето во целина, но сепак недостасува кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.<br><br>**Структура на вработени според национална припадност** |

Програма за работа на стручна служба

| **Национална припадност** | **Македонци** | **Срби** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Машки | 19 | 6 | 25 |
| Женски | 56 | 9 | 65 |
| **Вкупно** | **75** | **15** | **90** |

Правилник за систематизација на работни места

Разговор со директори и наставници

**Структура на вработени според образование**

| Вид на образование | Дире ктор | Пом дирек тор | Пед а гог | Псих о лог | Наста вници | Секре тар Благај ник | Мај стор. Дома ќин | Хигие ничар и | Стра жари | Библ иоте кар | **Вкуп но** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно | | | | | | | | | | | |
| ССС | | | | | | | 2 | 12 | 2 | | **16** |
| ВСС | 1 | 1 | 1 | 1 | 53 | 2 | | | | 1 | **59** |
| Магистри | | 1 | | | 13 | | | | | | **14** |
| **Вкупно** | **1** | **2** | **1** | **1** | **67** | **2** | **2** | **12** | **2** | **1** | **90** |

**Структура на вработени според пол**

| | Дире ктор | Пом. дирек тор | Педа гог | Пси холо г | Наста вници | Секре тар и благај ник | Мај стор. Дома ќин | Хигие ничар и | Стра жари | Библ иоте кар | Вкуп но |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 25 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 1 | 2 | 1 | 1 | 48 | 1 | 1 | 10 | 0 | 0 | 65 |
| **Вкупно** | **1** | **2** | **1** | **1** | **66** | **2** | **2** | **12** | **2** | **1** | **90** |

- **Ефективност и распоредување на кадарот**

При распеделбата на кадарот во училиштето се зема во предвид квалитетот, искуството и експертизата на наставниците со што се овозможува успешна реализација на наставниот процес.

Наставниците успешно работат и соработуваат во рамките на колективот и на ниво на стручните активи .

Оценување на работата на наставниците се врши еднаш до два пати годишно преку посета на часови од страна на стручната служба, анкета меѓу учениците, сандаче за поплаки и пофалби, контрола на годишните и тематските подготовки кои секој наставник ги поднесува на почетокот на учебната година, посета на часови од страна на инспекторите од бирото за развој на образованието и од републичкиот просветен инспекторат. Редовноста на персоналот е на задоволително ниво. За најавено отсуство на наставник се бара замена, а се отсуствува најчесто поради болест, учество на семинари и проекти. Присуството на персоналот се следи преку одржување на часови, дежурства на наставници и помошници на Директорот и стручна служба, а се потврдува преку апарат за регистрирање на влез и излез во училиштето.

Годишни тематски планови

Сертификати

Увид од посета на часови

**Стручната служба како подршка на наставниот кадар**

Стручната служба е секогаш отворена за соработка со наставниот кадар, им помага на наставниците во реализација на наставата, надминување на проблемите во училиштето, го следи нивниот напредок и напредокот на учениците и им обезбедува советодавна помош преку изработена програма за работа. Во текот на целата учебна година е во постојан контакт со наставниците, учениците, родителите, организира советувања за родители и за ученици, го следи напредок на учениците во воспитно – образовниот процес, посебен акцент става на работа со ученици на кои им е потребна педагошко-психолошка помош.

Досиеа на вработените

Анкети со наставници

| | |
|---|---|
| Досиеа на наставен кадар<br><br>Листи од спроведени интерни обуки<br><br>Документација за менторство<br><br>Анкети со наставници<br><br>Интерни акти<br><br>Разговор со стручна служба , наставници и директор<br><br>Програма за професионален развој на наставен кадар | **6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br><br>● **Професионален развој на наставниците**<br><br>Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот и обезбедува подршка за професионален развој на наставниците од областа на користење на информатичка технологија, проекти за менаџирање, нови техники и методи во наставата, безбедност на училиштата, животни вештини, екологија, унапредување на оценувањето, мултикултурализмот, интерактивна настава.<br>Училиштето нема можност самостојно да организира и финансира обуки во училиштето кои би ги спровел поискусниот училишен кадар бидејќи не може да се регистрира за таква активност, но поедини наставници кои учествувале на некои проекти или обуки може да спроведат и да ги пренесат стекнатите новини, вештини и знаења на другите наставници.<br>Училиштето назначува ментори за наставници–приправници кои ги обучуваат и оспособуваат новите наставници за изведување на наставата, ја следат нивната работа и им помагаат во изработка на годишни, тематски и дневни подготовки. Приправниците имаат можност да ги посетуваат часовите на менторите и да бараат нивна помош. Тимот кој се состои од Директор, стручна служба и наставник-ментор му помага на приправникот за полагање на стручниот испит.<br>На прашањето дали училиштето има правичен систем во изборот на наставниците во професионалното усовршување се добиени резултати кои укажуваат дека училиштето добро ги задоволува потребите во поглед на професионалното усовршување.<br>Недостасуваат обуки по одредени предмети организирани од надворешни компетентни институции за следење на новините од областа на различни науките и нивна примена во современата настава.<br>Недостаток е тоа што бројот на наставниците кои можат да присуствуваат на одделни семинари е ограничен. |
| | **6.5 Финансиско работење во училштето** |
| Извештај за финансиското и материјално работење<br><br>Финансиски план<br><br>Развоен план | ● **Постапки со кои се обезбедува почитување на законска регулатива за финансиско работење**<br>Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот.<br><br>● **Транспаренност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа<br><br>Разговор со директор наставници и училишен одбор<br><br>Записници од училишниот одбор, наставнички совет и совет на родители<br><br>Анкета за наставници | Финансискиот план го изготвува Директорот со своите соработници пред почетокот на училишната година, а го освојува училишниот одбор. Училишниот одбор ја усвојува изготвената завршна сметка за финансиско работење. За секоја одлука од училишниот одбор се води записник во книга за состаноци и се верифицира под посебен број со датум кај секретарот на училиштето. За училишниот буџет и трошоците се информирани Советот на родители и локалната заедница. Секој наставник може да се информира за наменското трошење на буџетот. Училиштето изработува месечен и годишен финансиски извештај. Финансиските средства се користат строго наменски по книговодствени ставки како што се добиени паричните средства за таа намена од министерството за финансии и локалната самоуправа. Училиштето како непродуктивна установа нема сопствен извор на финансии, а мала можност за прилив на средства од надворешни институции или донации од приватни компании, невладини организации или фондации, вонредни ученици, со што дополнително се отежнува работата во училиштето. Одлив на средства од нашето училиште има и за ситен инвентар, комунални средства, потрошен материјал, за одржување на опрема и компјутери, одржување на зграда, набавка на опрема и друго.<br>Училиштето добро ги инфомира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетот се користи наменски за квалитетот на наставата и за развој на училиштето. |

**Анализа на резултатите:**

| **Јаки страни** |
|---|
| ● Училиштето располага со стручен наставен кадар кој внесува креативност во наставен процес. Наставниците се редовни во изведување на наставата и се отворени кон своите ученици, подготвени да им помогнат и да им посветат поголемо внимание на учениците во совладувања на образовните задачи.<br>● Редовноста на персоналот е на задоволнително ниво.<br>● Успешна комуникација на релација наставник – ученик, наставник - родител и наставник – наставник .<br>● Кабинетскиот простор наставниот кадар го користи по договор што укажува на добра соработка меѓу активите од различни предмети.<br>● Помош на нововрабoтените наставници во изведување на наставата од страна на стручна служба, ментор и директор на училиштето.<br>● Постои извонредна соработка и поддршка на релација наставници – стручна служба и обратно.<br>● Капацитетите (медијатека, галерија, кабинети, сала за состаноци и друго) се достапни за сите членови во училиштето .<br>● Достигнувањето на наставниот кадар и учениците на републичките и меѓународните натпревари се на задоволително ниво по сите предмети, како на пример бизнис и претприемништво, математика, хемија, физика, социологија, географија, информатика, ликовна уметност, музичка уметност, спорт и спортски активности, француски, руски, англиски, италијански, македонски, латински јазик, ораторство, дебатирање, и др. |

| |
|---|
| ● Сите училници се опремени со нов училишен инвентар (клупи, столчиња, смарт табли, компјутери LCD проектори, клима уреди.)<br>● Добро опремен канцелариски простор, широка просторија со шкафови, компјутери, печатачи, ролетни, клима уреди,телевизор и др.<br>● Примерно уреден хол во училиштето (ликовни творби, различни цвеќиња, витражи, таблоа, лифт и друго.)<br>● Просторните капацитети во училиштето се максимално искористени.<br>● Новиот паркинг простор во училишниот двор ги задоволува потребите на вработените во училиштето.<br>● Почитување на законската регулатива за финансиското работење во училиштето.<br>● Библиотеката е достапна за потребите на наставниците и учениците.<br>● Приклучувањето кон гасификацијата ни овозможи подобро затоплување на сите простории во училиштето, штедење на топлинска енергија, заштита на животната средина и намалување на финансиски трошоци за неа.<br>● Користење на сопствените фотоволтаици за потребите на училиштето .<br>● Сите анкети се спроведени помеѓу ученици, родители и наставници од различна национална структура. |
| **Слаби страни** |
| ● Големината (квадратура) на спортска сала не ги задоволува потребите за нормално одвивање на воспитно - образовниот процес според број на ученици и потребите за нивните редовни и воншколски активности.<br>● Училиштето има потреба од донации и дополнителни финансиски средства од други надворешни институции, како и проекти кои би можеле да обезбедат дополнителни финансиски сретства во училиштето. |

## Анкета за наставници









## Анкета за родители







Дали сметате дека преминот кон кабинетска настава би го подобрил квалитетот на наставата и успехот на учениците?
11%
14%
75%
Да
Не
Делумно


Дали сметате дека училишниот инвентар одговара на современиот воспитно образовен процес?
7%
11%
82%
Да
Не
Делумно


Дали сметате дека хигиената во училиштето е на солидно ниво?
6%
87%
Да
Не
Делумно

## Анкета за ученици









**Идни активности      Приоритетни активности за подобрувањето во доменот на ресурси**

| Активности | Задолжен за реализација | Време | Финансиски сретства | Индикатор за анализа на успешноста |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на нова спортска сала | Министерство за образование и наука<br><br>Менаџерски тим<br><br>Стручни активи | Планирање од 1-3 години | Министерство за образование и наука<br><br>Агенција за млади и спорт<br><br>Општина<br><br>Донации | Зголемен интерес за проектни активности по спорт<br><br>Подобрување на психофизичка способност на учениците<br><br>Повисоки резултати во одредени спортски дисциплини<br><br>Задоволни ученици наставници и родители |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дополнителни финансиски средства | Министерство за образование и наука<br><br>Менаџерски тим<br><br>Стручни активи | Планирање од 1-3 години | Министерство за образование и наука<br><br>Општина<br><br>Донации од надворешни институции, како и проекти кои би можеле да обезбедат дополнителни финансиски сретства во училиштето | Поквалитетно реализирање на проекти<br><br>Подобрување на успехот на учениците во изведување на проекти<br><br>Подобрување на соработка со бизнис сектор. |

**Во изработката на подрачјето ресурси учествуваше тимот на наставници:**

**Координатор:** Данијела Ивановска
**Членови:**
1. Стојанка Темова
2. Благица Гавриловска Цветковиќ
3. Зоран Ивановски
4. Мартина Петковска

Куманово
18.06.2025 год.

**Самоевалуација на училиштето: СОУ ГИМНАЗИЈА ,,ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ,, КУМАНОВО за учебната 2023-2024 2024/25 год.**

**Подрачје: РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ**

Оддели во рамките на подрачјето:

- ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ:
- СФЕРИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ ЗА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ
- ПАРАМЕТРИ ЗА УСПЕШНОСТ НА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ ЗА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ
- ЈАКИ И СЛАБИ СТРАНИ
- ИДНИ АКТИВНОСТИ

**Самоевалуација на училиштето : СОУ ГИМНАЗИЈА ,,ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ,, КУМАНОВО за учебната 2023-2024 2024-2025 год**

**Подрачје: РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ**

| Документи кои се прегледани и употребени за спроведување на самоевалуацијата во рамките на ова подрачје . | ОРГАНИ ЗА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ: |
|---|---|
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето | ОРГАНИ ЗА УПРАВУВАЊЕ:<br><br>Според член 88 од Законот за средно образование орган на управување во училиштето е Училишен одбор составен од 12 членови<br><br>4 претставници од наставниците<br><br>3 претставници од родителите<br><br>3 претставници од основачот<br><br>1 претставник од МОН и<br><br>1 претставник од деловната заедница |

| | |
|---|---|
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето, | ДОЛЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ:<br><br>Надлежностите и задачите на органот за управување јасно се дефинирани во рамките на училишните акти. |

| | |
|---|---|
| <ul><li>Закон за средно образование</li><li>Статут на училиштето</li><li>Записници од состаноци на училишен одбор</li><li>Годишна програма за работа на училиштето</li><li>Извештаи за работа на училиштето</li></ul> | СФЕРИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД:<br><br>Во периодот од 2023 -2024 година Училишниот одбор има одржано седум состаноци. Покрај редовните активности предвидени со законот, Училишниот одбор на своите состаноци донесе повеќе одлуки и акти за работата на училиштето.<br><br>Меѓу тие акти се верификација на нови членови на Училишен одбор, одлука за формирање на стручен тим за подготовка на програма за завршна училишна екскурзија за учебна 2023-24,2024-25 година,одлука за усвојување на самоевалуација на училиштето; одлука за формирање на комисија за Развоен план на училиштето; одлука за изработка на план за безбедност, одлука за формирање на пописни комисии за 2023,2024 год.,донесување на одлука за анекс на Годишен план за јавни набавки за 2024,2025 год, одлука за спроведување на постапка-распишување на јавен оглас за вработување на наставници за вработување на определено работно време до 31.08.2024 година, формирање на комисија за постапка на вработување на наставници за вработување на определено работно време до 31.08.2024 година, одлука за предлог финансов план за 2024 год.,одлука за избор на наставници за вработување на определено работно време до 31.08.2024 година по завршена постапка до директор, донесување на одлука за програма за завршна училишна екскурзија за учебна 2023-24 година по добиено позитивно мислење од БРО и Советот на родители, формирање на комисија за спроведување на постапка за избор на правен субјект за изведување на завршна училишна екскурзија за учебна 2023-24,2024-25 година, донесување на одлука за распишување на јавен оглас за реализација за избор на правен субјект за изведување на завршна училишна екскурзија за учебна 2023-24,2024-25 година,усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2024 година, одлука за избор на најповолна понуда за екскурзија за учениците од трета година во учебната 2023/2024,2024/ 2025,донесување на одлука за усвојување на завршна сметка за 2023,2024 година, донесувања на одлука за усвојување на процена и безбедност,донесување на одлука за верификација на мандат на претставник од деловна заедница, донесување на одлука за усвојување на извештај за реализирана завршна екскурзија за учениците од трета година, усвојување на Годишен извештај за учебната 2023/24 ,2024/2025 година и Годишна програма за учебната 2024/25,2025/26 година. |

| | |
|---|---|
| | **ОРГАНИ ЗА РАКОВОДЕЊЕ** |
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето, | Според член 91 од Законот за средно образование орган на раководење во училиштето е директорот<br><br>Директор на СОУ ГИМНАЗИЈА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ е Марија Тодоровска<br><br>Помошници на директорот се : Валентина Арсиќ и Тања Ивановиќ |
| • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето, | ДОЛЖНОСТИ НА ОРГАНОТ ЗА РАКОВОДЕЊЕ:<br><br>Надлежностите и задачите на органот за раководење јасно се дефинирани во рамките на училишните акти . |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа,<br>• Извештаи од работата на активите<br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br>• Договори за соработка со други училишта од Еразмус програмата<br>• Покана за организација и учество на натпревари од сите видови и нивоа :природни и општествени науки , спорт, техника, на локално, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>• Проекти во кои учествува училиштето<br>• Записници од родителски состаноци по класови, Совет на родители по години | СФЕРИ НА ДЕЛУВАЊЕ НА РАКОВОДНИОТ ОРГАН ВО РАМКИТЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД:<br><br>Во последните неколку години во училиштето работи менаџерски тим под раковотство на директорот. Членови на тимот се наставници кои со својата работа и креативност допринесуваат за поголема ефективност, развивање и афирмација на училиштето. Тимски или поединечно како ментори со поголеми или помали групи на ученици, во консултација и подршка од директорот, овие наставници постепено го унапредуваат училиштето.<br><br>Промените кои се воведени во училиштето во последните две учебни години инициparams повеќе позитивни ефекти:<br>• Во секоја училница се реновирани ѕидните површини, а исто така климатизирани се сите училници.<br>• Ставени се во употреба фотоволтаици за производство на електрична енергија за потребите на училиштето.<br>• Направено е целосно реновирање и оградување на спортскиот терен во училишниот двор.<br><br>· Родителските состаноци по години се одржуваат истовремено во изминативе две години од што се согледуваат само позитивни ефекти. Сите родители на ученици од иста генерација, во исто време, се запознаваат со успехот , активностите, проблемите, актуелностите врзани за нивните деца. Своите забелешки поплаки, пофалби, прашања можат да ги проследат до Советот на родители кој се одржува веднаш по родителските состаноци. Дел од одговорите на своите прашања можат да ги добијат на самиот состанок од одговорниот професор на година или во најкраток можен рок.<br><br>· Учениците, а со тоа и самото училиште се вклучјиа на повеќе проекти од различни области:<br>· Билингвален проект на француски и англиски јазик,<br>· Мултиетничка интеграција во образованието,<br>· соработка со Гимназија од Крушевац, Република Србија,<br>· соработка со средно училиште од Ѓозтепе, Истанбул, Република Турција, |

| | |
|---|---|
| | · соработка со угостителско училиште од Бјеловар- Република Хрватска<br><br>· проектите под програма ЕРАЗМУС +,<br><br>· проектот "Безбедни училишта",<br><br>· проектот "Заедничка грижа за правилно насочување на учениците"и многу други.<br><br>· Проектот „Политика за заштита на децата“<br><br>Ваквите проекти кај учениците побудуваат поголем интерес за вклучување и во наставата и во воннаставните активности, со што се промовира училиштето во државата и надвор од неа.<br><br>● Поврзувањето со локалната заедница е зајакнато преку остварување на партнерски врски со Секторот за образование, култура и спорт при општина Куманово. Како училиште учествуваме во проектите што ги организира Општината, во сите спортски натпревари од различни области, културни и научни манифестции.<br>● Повеќе години наназад во периодот април-мај претставници од факултетите од Републиката вршат презентации на своите установи пред учениците од четврта година. Воспоставувајќи соработка со високообразовните институции им се овозможува на матурантите да се запознаат со условите за запишување и студирање во Републиката и надвор од неа.Во последните две учебни години беше организиран ,,Отворен ден„за учениците од деветто одделение со цел запознавање на идните ученици со наставните планови и програми како и активности на нашето училиште.<br>● Континуирано се спроведува систематски преглед и санитарен преглед за вработените со што се води поголема грижа за здравјето на наставниот и помошниот персонал.<br>● Директорот заедно со менаџерскиот тим го афирмира училиштето во републиката и надвор од неа соработувајќи со разни институции , претставништва на други земји и невладини организации: Француски културен центар, Амбасади на земји со кои работиме на проекти, Федерација на училишен спорт на Македонија, Агенција за млади и спорт, ЦИСС, УСАИД, Македонски центар за граѓанско образование, ДРОМ, Народна техника, Македонска агенција за спорт и млади, Министерство за внатрешни работи, АРМ , Театар -Куманово, Центар за култура-Куманово, Друштво на писатели-Куманово,Народна библиотека,,Тане Георгиевски,,Куманово, МОБ -Скопје, Општина Куманово,Креатор и др. |

| | | |
|---|---|---|
| | Новини кои се воведоа во текот на изминатите две години веќе даваат позитивни ефекти:<br><br>● Во секој клас ,на ниво на година и на ниво на училиште делуваат тимови од Училишен парламент кои партиципираат со свои идеи во програмата на училиштето. Спроведените акции, Подари книга, еко-акција, подари цвет за поубав свет,подари пакетче за Нова година говорат за широко прифатените активности од страна на учениците. Преку проектот ECOSTEAM од Еразмус плус програмата нашите наставници изработија на прирачник за примена на STEAM наставата при изучување на еко содржини по предметите информатика, биологија, физика, хемија, математика, ликовна уметност.<br>● Проектот Безбедни училишта продолжува и во наредната учебна година и се базира врз работата на тимови за безбедност избрани од секој клас во соработка со СВР Куманово.<br>● Учениците остваруваат бројни активностина Црвен крст на Македонија при што се организирани повеќе хуманитарни акции.<br>● Е-дневникот функционира без проблеми и електронското информирање за успехот и изостаноците на своите деца го користат родителите.<br>● Наставниците поминаа низ бројни обуки во рамките на Еразмус плус програмата од различни области на воспитно-образовниот процес.<br>● Секој наставник има свое професионално и педагошко досие и се грижи за нивно обогатување, преку обуки, семинари , натпревари, проекти , со што се потикнува желбата за напредување и усовршување.<br>● Училишниот парламент функционира беспрекорно во последните две години и организирани се повеќе хуманитарни акции преку организирање на Училишни базари и заеднички забави на кои што учениците собираа средства за ранливите групи соученици. | |
| Анкета за ученици | Собрани информации | Цел на анкетата : Информираност на учениците за органите на управување во училиштето, нивната активност, можноста за учество во креирање на училишната политика, подобрување на меѓусебната комуникација |

| | |
|---|---|
| Освен прегледните документи како информација за работата на менаџерскиот тим и органите за раководење и управување направан и се неколку анкети:<br><br>Првата анкета е изведена со 89 ученици.<br><br>Подеднакво по случаен избор се анкетирани ученици од секој клас<br><br>Дел од анкетата содржеше прашања од кои може да се согледа односот ученички колектив – менаџерски тим. | 1. Дали сметате дека учениците се доволно вклучени во креирањето на активностите во училиштето?<br><br>На ова прашање 38 проценти од испитаниците одговориле позитивно, додека 22 проценти одговориле негативно, а 40 проценти одговориле со делумно. Раководниот тим во училиштето се грижи за вклучување на сите ученици во вон-наставните активности согласно нивните интереси и афинитети.Голем број на ученици се вклучени во Еразмус проекти и проекти на невладини организации со кои оствaруваме соработка.<br><br>2. Дали сте задоволни од работата на раководниот тим на училиштето?<br><br>На ова прашање 53 проценти одговориле позитивно,а 12 проценти одговориле негативно, а 35 проценти со делумно. Ова е показател дека раководниот тим успешно работи и го менаџира училиштето. |

| Анкета за родители | Собрани информации | Цел на анкетата : Информираност на родителите за органите на управување во училиштето, нивната активност, можноста за учество во креирање на училишната политика |
|---|---|---|
| Втората анкета е спроведена со 105 родители избрани по случаен избор по три од секој клас,<br><br>Анкетата содржеше 21 прашање.Од дел од прашањата може да се согледа односот родители – менаџерски тим | 1. Дали училишната управа и наставниците редовно ве вклучуваат во следење и развој во воспитно-образовниот процес на вашите деца?<br><br>На ова прашање 60 проценти од родителите одговориле позитивно, 32 проценти одговориле со понекогаш, додека 9 проценти одговориле негативно. Ова е јасен показател дека раководниот тим и службата успешно ги истакнуваат достигнувањата на учениците.Родителите се редовно информирани за успехот и поведението на нивните деца преку родителски средби, поединечни средби со педагошко-психолошката служба и наставниците.<br><br>2. Дали училиштето бара мислење од родителите и ги зема во предвид нивните сугестии и интереси?<br><br>На ова прашање 52 проценти од испитаниците одговориле позитивно,36 проценти одговориле со понекогаш, 12 проценти одговориле негативно. Родителите се задоволни од комуникацијата со училиштето како и од реализацијата на нивните сугестии и предлози.<br><br>3. Дали сметате дека условите и опремата за работа во училиштето овозможуваат нормално одвивање на воспитно-образовниот процес?<br><br>82 проценти од родителите одговориле позитивно, 14 проценти делумно, а само 4 проценти негативно. Ова укажува дека менаџерскиот тим во училиштето се грижи за потребите на учениците преку купување на нова модерна опрема во сите училници како и реновирање на училишната зграда. Во последните две години се комплетно реновирани училниците и ходниците како и училишниот спортски терен. | |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за наставен кадар | Собрани информации | Цел на анкетата : Информираност на наставниците за органите на управување во училиштето, нивната активност, можноста за учество во креирање на училишната политика |

| | |
|---|---|
| Третата анкета е спроведена на примерок од 29 наставници<br><br>Анкетата содржеше 4 прашања од кои може да се согледа односот наставник -менаџерски тим | 1. Училишната клима зависи од раководниот тим во гимназијата.<br><br>На второто прашање 86 проценти одговориле позитивно, 4 негативно, 10 проценти делумно. Ова е показател дека раководниот тим треба да внимава каква училишна клима ќе владее во училиштето, да работи на меѓучовечките односи и подобрување на комуникацијата со наставниците. Почесто треба да се организираат заеднички обуки со цел да се подобри тимската работа.<br><br>2. Задоволен сум од соработката со раководниот тим.<br><br>86 проценти од наставниците се задоволни од соработката со раководниот тим. Ова покажува дека раководниот тим добро и отворено соработува со наставниот кадар.<br><br>3. Добро сум информиран за сите активности согласно Годишната програма за работа на училиштето.<br><br>87 проценти од наставниците сметаат дека се добро информирани за сите активности од училиштето. Ова укажува на добра комуникација меѓу наставниот кадар и раководниот тим, но може и да се подобри.<br><br>4. Финансиските средства се распределуваат транспарентно.<br><br>69 проценти од наставниците сметаат дека финансиските средства се распределуваат транспарентно додека 25 проценти сметаат дека делумно транспарентно се распределуваат. Раководниот тим се заложи и организираше состаноци со сите активи во училиштето со цел да се набават нагледни сретства за секој акако инителна опрема и инструменти. |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа<br>• Извештаи од Наставнички совет<br>• Извештај од ДМК<br>• Зписници од состаноци на Советот на родители ученички организации, работа на стручни активи,видео и писмени<br>• Награди и признанија од натпревари<br>• Плакети и благодарници<br>• Сертификати и дипломи на ученици и наставници<br>• Договори за соработка со училишта надвор од земјата | ПАРАМЕТРИ ЗА УСПЕШНОСТ НА РАБОТАТА НА РАКОВОДНИОТ ТИМ<br><br>• Позитивен Годишен извештај од работата на училиштето<br>• Извештај од број на ученици кои положиле државна матура<br>• Број на запишани матуранти на високо-образовните институции<br>• Оценка од Интегрална евалуација дадена од тим на инспектори од ДПИ<br>• Позитивни извештај од посета на часови<br>• Стручен и обучен кадар кој непрестано работи на своето доусовршување<br>• Учество во голем број проекти од Еразмус плус програмата и надвор он неа |

| |
|---|
| Резултати: Клучни јаки страни и слабости |

Клучни јаки страни

- Стручен, креативен, добро организиран наставен кадар, спремен за соработка со раководниот тим.
- Менаџерски тим со јасно дефинирани надлежности, задачи кој е постојано во контакт со органите за раководење и управување како и со учениците.
- Менаџерски тим кој ја креира краткорочно и долгорочно политиката на училиштето за остварување на воспитно-образовните цели и афирмацијата на училиштето.
- Добра училишна клима за работа и меѓучовечки односи.
- Добра соработка со стручни активи, активи по години, ученичка заедница, Совет на родители , локална заедница Училишен парламент.
- Изведување на настава на македонски наставен јазик и по една паралелка во година на српски јазик според плановите и програмите на МОН и БРО.
- Воведување на билингвална паралелка на англиски јазик.
- Добро изработени акти и правилници за работа, казнување и наградување на учениците и вработените, верифицирани од стрна на УО.
- Водење грижа за менталното и физичкото здравје на учениците и вработените.
- Менаџирање на голем број Еразмус проекти.
- Остварување на контакти со други училишта во и надвор од рамките на нашата држава.
- Соработка со невладини организации и институции.
- Водење грижа околу усовршувањето на наставниот кадар и опремување на училиштето.

| |
|---|
| · Мотивирање на успешните ученици со дипломи, пофалби, серификати, награди.<br><br>· Организирање на натпревари од сите области на локално,регионално и државно ниво.<br><br>· Оганизирање на обуки и семинари за вработените,родителите и учениците. |
| Клучни слаби страни:<br><br>● Обезбедување на материјални средства за остварување на сите идеи за подобрување на работата на училиштето како што се: тековно одржување на постоечките простории, награди за пофалени и наградени ученици и вработени како мотивација за напредување, набавка на потрошни нагледни средства за изведување на наставата<br>● Подобрување на меѓучовечките односи меѓу наставниците и техничкиот персонал.<br>● Мотивираност за учество на поголем број наставници во Еразмус проекти и друг тип на проекти.<br>● Подобрување на односот ученик-наставник. |

Идни активности:

| Активности | Начин на спроведување | Време на реализација | Индикатори на успешност |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Усовршување на наставниот кадар | • Проценка на наставниците кому и во кое подрачје му треба обука<br>• Анализа на планот за професионалниот развој на наставниците<br>• Спроведување на обуки во зависност од интересот на наставниците<br>• Следење на реализација на усвоеното знаење од обуката<br>• Спроведување на обука по англиски јазик на наставници | Во текот на целата учебна година Согласно со динамиката на БРО , МОН и ДИЦ | • Комуникациски вештини,користење на дигитални алатки во наставата,нови методи и техники во наставата<br>• Повратни информации од наставниците<br>• Повратни информации од наставниците со примена во наставата<br>• Број на наставници кои поминале низ обуки |
| Подобрување на соработката меѓу субјектите (наставник-ученик; ученик-наставник, ученик-ученик), | • Разговор со наставници за увид на состојбата<br>• Разговор со ученици и нивно анкетирање<br>• Поголема мотивација на учениците кои придонесуваат за афирмирање на училиштето<br>• Едукативни предавања,работилници | Во текот на целата учебна година | • Прашалници и анкети за наставници,родители, ученици, посета на часови<br>• следење на успехот и редовноста на учениците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка и учество на меѓународни проекти и други видови проекти | • Следење на меѓународни конкурси<br>• Учество во проекти подржани од Национална агенција на ЕУ - Еразмус+ | Во наредните две години | • Познавање на англиски јазик,вештини во познавање на ИТ.<br>• Сертификати и признанија за училиштето за учество и водење на меѓународни проекти |

Септември 2025 год.

**Членови на тимот:**

Марија Тодоровска

Валентина Арсиќ

Тања Ивановиќ

Јелена Здравковска

Дарко Прокиќ